Анита Ангеловска
Гликерија Илиоска

# ИСТОРИЈА И ОПШТЕСТВО

# 4

## ОДДЕЛЕНИЕ

**Историја и општество**
**4 одделение**

**Автори**
Анита Ангеловска
Гликерија Илиоска

**Рецензенти**
Беса Хавзиу-Исмаили
Нада Јадровска
Даниела Апостоловска

**Лектор**
Кире Стојаноски
Илустрации
Анастасија Димитрова

**Стручна редакција:** Орданка Мицкова

**Уредник:** Орданка Мицкова

**Графичко и техничко уредување:** Леон Џинго, Евгенија Павлова – АРС СТУДИО

**Печати:** Европа 92 – Кочани

**Тираж: 13.366**

**Издавач:**
Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, 1000 Скопје

Место и година на издавање: Скопје, 2022 година

Со одлука за одобрување на учебникот по предметот Историја и општество за четврто одделение бр. 26-1515/1 од 03.11.2022 година донесена од Националната комисија за учебници.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.016:94(075.2)=163.3
373.3.016:316.3(075.2)=163.3

АНГЕЛОВСКА, Анита
Историја и општество 4 одделение / Анита Ангеловска, Гликерија Илиоска ; [илустрации Анастасија Димитрова]. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, 2022. - 171 стр. : илустр. ; 26 см

ISBN 978-608-273-147-6

1. Илиоска, Гликерија [автор]

COBISS.MK-ID 58613253

# КАКО ДА ГО КОРИСТИШ УЧЕБНИКОТ

Драг ученику,
Драга ученичке,

Пред вас се наоѓа учебник со многу, приказни, фотографии, видеа, квизови, активности и предизвици, кои се надеваме дека ќе ве инспирираат да размислувате за убавините на нашата држава, за нејзиното минато и за вашата улога во општеството и во средината во која живеете.

Користењето на учебникот е лесно, едноставно и забавно. Сакавме да ве поттикнеме активно да учествувате во стекнувањето на новите знаења и вештини, ставови, вредности и однесувања. Преку тимска работа и преку соработка ќе истражувате, ќе анализирате и заеднички ќе изведувате заклучоци.

Учејќи го предметот Историја и општество, се очекува вие, учениците и ученичките, да се идентификувате како граѓани на нашата држава; да ги почитувате сите кои живеат во неа; да разликувате одговорно од неодговорно однесување; да се грижите за заштита на животната средина; да развивате вистински вредности и пријателски односи, но и да препознавате и да се спротивставувате на неправди нанесени кон вас или кон другите луѓе.

Ви посакуваме пријатна работа и многу успех!

Авторките

Чита наставникот/наставничката.

Напиши, одговори, дополни...

Текст за основните сознанија кои треба да се усвојат на часот.

**НЕ ЗАБОРАВАЈ!**

Текст кој ти дава поуки од животот.

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

Прашања и активности кои ќе те поттикнат на размислување и полесно усвојување на содржината.

**ИСТРАЖУВАЈ**

Прашања кои ќе те поттикнат на истражување.

**АКТИВНОСТ**

Активности кои ќе ги изведуваш на час и кои ќе ти помогнат да откриваш, истражуваш и ги применуваш знаењата.

# СОДРЖИНА

1 МОЕТО ОПКРУЖУВАЊЕ


КАКО ДА ГО КОРИСТИШ УЧЕБНИКОТ ..... 3
ШТО Е ПРИЈАТЕЛСТВО? ..... 7
КАКО МОИТЕ ПРИЈАТЕЛИ/ПРИЈАТЕЛКИ ВЛИЈААТ ВРЗ МЕНЕ ..... 10
ЈАС ИМАМ СВОЕ МИСЛЕЊЕ ..... 13
НЕПОТИЗАМ ..... 16
МИТО И ПОДМИТУВАЊЕ ..... 19
СЕ ОДНЕСУВАМ ЧЕСНО, ПРАВЕДНО И ПРАВИЛНО ..... 23
ЕМПАТИЈА ..... 28
СТЕРЕОТИПИ И ПРЕДРАСУДИ ..... 31
КАКО СЕ ОДНЕСУВАМ КОН МОИТЕ ДРУГАРКИ/ДРУГАРИ ..... 35


2 СРЕДИНАТА ВО КОЈА ЖИВЕАМ


НАСЕЛЕНИЕ И СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕ ..... 41
ОПШТИНА НА ЖИВЕЕЊЕ ..... 48
СИМБОЛИ НА ОПШТИНАТА ..... 53
ГРАДОНАЧАЛНИК/ГРАДОНАЧАЛНИЧКА ..... 57
ГРИЖА НА ОПШТИНАТА ЗА ГРАЃАНИТЕ ..... 61
КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО ВО ОПШТИНАТА ..... 64
СЕ ОРИЕНТИРАМ НА ГЕОГРАФСКАТА КАРТА ..... 69
КАРТОГРАФСКИ ЗНАЦИ ..... 74
НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ..... 78
ПРЕД КАРТАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ..... 82
МЕСТОПОЛОЖБА НА МОЕТО МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ ..... 97
СТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ..... 99
ПОВРЗАНОСТ НА СТОПАНСТВОТО СО ПРИРОДНИТЕ ОДЛИКИ НА ЗЕМЈАТА ..... 104
ОДГОВОРНО КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ ..... 109
ЕКОЛОГИЈА ..... 115
СЕЛЕКТИРАЊЕ И РЕЦИКЛИРАЊЕ ОТПАД ..... 119
ЕКО-ИСТРАЖУВАЊЕ ..... 123


3 МОЈАТА ДРЖАВА


МИНАТОТО НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА ..... 127
- ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ И КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА ..... 127
- АСНОМ ..... 134
- РЕФЕРЕНДУМ ЗА НЕЗАВИСНОСТ ..... 140

СКОПЈЕ – ГЛАВЕН ГРАД ..... 143
ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ ..... 149
ДРЖАВНИ СИМБОЛИ ..... 153
МУЛТИКУЛТУРНИОТ И МУЛТИЕТНИЧКИОТ КАРАКТЕР НА ДРЖАВАТА ..... 156
ГРАЃАНСКИОТ КАРАКТЕР НА ДРЖАВАТА ..... 164
- ГРАЃАНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОЛОНТЕРСТВО ..... 164
- АКТИВНО УЧЕСТВО, СЛОБОДА НА ГОВОР, ПРАВО НА ИЗБОР, ЕДНАКВОСТ ..... 168



# МОЕТО ОПКРУЖУВАЊЕ


1 Што е пријателство?

2 Како моите пријатели влијаат врз мене?

3 Јас имам свое мислење

4 Непотизам

5 Мито и подмитување

6 Се однесувам чесно, праведно и правилно

7 Емпатија

8 Стереотипи и предрасуди

9 Како се однесувам кон моите другари/другарки

# ТЕМА 1

# МОЕТО ОПКРУЖУВАЊЕ

**Резултати од учење**

Ќе се оспособиш да:

- правиш разлика меѓу вистинското/искрено пријателство и пријателството од корист;

- препознаваш несоодветно однесување под групен притисок и непромислено однесување кое води до непосакувани последици;

- препознаваш непотизам, подмитување и корупција во дадени примери (ситуации) и да наведуваш примери за нивно спречување;

- правилно и аргументирано да ги вреднуваш родовите норми на однесување и родово базираното насилство

Исто така, ќе развиваш вештини за:
- одолевање на социјални притисоци;

- препознавање и реагирање на родови стереотипи и предрасуди и на родово базирано насилство.



# ШТО Е ПРИЈАТЕЛСТВО?

Пријателството е една од најубавите појави што се случуваат во животот на еден човек. Вистинско пријателство е кога меѓусебно си помагате, се почитувате и го почитувате мислењето на другиот.



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ!**

- Кои се твоите пријатели?
- Колку долго трае вашето пријателство?
- Со какви постапки го покажувате меѓусебното пријателство?
- Со што се одликува вистинското пријателство? (Наведи ги особините на вистинското пријателство.)



Некои пријателства опстануваат цел живот, а некои пријателства се прекинуваат во одреден период на животот.

**АКТИВНОСТ**

Направи „Цвет на пријателство“. Ливчињата на цветот нека бидат иницијалите на твоите пријатели. Ливчињата на стеблото нека бидат прекинатите пријателства, означени со симболи кои потсетуваат на личноста. Што има повеќе на твоето цвеќе? Зошто е тоа така?

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ!**

- Како некои пријателства опстануваат долго време?
- Зошто некои пријателства се прекинуваат?
- Кои се причините за да биде прекинато едно пријателство?
- Опиши какви особини се зависта и користољубивоста.
- Како овие особини влијаат на пријателството?

**ИСТРАЖУВАЈ!**

Поради која причина најчесто се прекинуваат пријателствата? Разговарај со твоите соученици и членовите на семејството. Групирај ги причините и предложи како да се надминат.



**НЕ ЗАБОРАВАЈ!**

**Единствен начин да стекнеш пријател е и ти да бидеш пријател!**

**Проверувам колку научив**
**Покрај исказот со кој се согласуваш или не се согласуваш ставиго знакот ✓**

| Исказ | Да | Не |
|---|---|---|
| Со пријателите треба да се почитуваме. | | |
| Го почитувам мислењето на моите пријатели/пријателки. | | |
| Им простувам на моите пријатели/пријателки ако згрешат ненамерно. | | |
| Ќе му/ѝ се налутам на мојот пријател/мојата пријателка ако не ми даде да ја препишам домашната. | | |
| Мојот пријател/мојата пријателка ме почитува. | | |
| Нема пријателства што траат цел живот. | | |



# КАКО МОИТЕ ПРИЈАТЕЛИ/ ПРИЈАТЕЛКИ ВЛИЈААТ ВРЗ МЕНЕ

Разгледај ги илустрациите и размисли дали прикажаните ситуации се позитивни или негативни и објасни зошто така мислиш:







**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ!**

- Можеме ли да се препознаеме во некоја од прикажаниве ситуации?
- Наведи некои ситуации слични на овие во кои си се нашол/нашла!
- Која била твојата улога?
- Кој те натерал/наговорил тоа да го сториш?
- Зошто си се одлучил/одлучила на таков чекор?
- Кои биле последиците од однесувањето за тебе и околината?
- Каква поука/препорака си извлекол/извлекла од наведената постапка?

Пријателите со своето однесување влијаат едни врз други. Некои пријателства влијаат позитивно, а некои негативно врз тебе. Некогаш се случува да направиш нешто против својата волја само за да не ти се налутат пријателите. Спротивстави се на предлозите со кои не се согласуваш. Понекогаш можеби сакаш да се истакнеш пред пријателите и се случува да направиш погрешен избор или да создадеш погрешна ситуација. Внимавај притоа да не навредиш или наштетиш некому. Вистинските пријатели не треба да бараат од тебе да правиш дела кои тебе или некому ќе наштетат, навредат или понижат, но не треба ниту ти да го бараш истото од твоите пријатели.

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ!**

- Доколку знаеш пример, наведи кога групата пријатели негативно влијаела врз тебе или врз некое твое другарче.
- Размисли на кој начин можеш да се спротивставиш на негативното влијание на некои пријатели врз тебе и твоето однесување.
- Дали некогаш си наштетил на некој твој другар или другарка? Ако си наштетил, објасни како и зошто се случило тоа? Какви последици имало? Како се решила ситуацијата?



**АКТИВНОСТ**

Поделете се во групи. Секоја група нека одбере една ситуација која прикажува како некој од вас потпаднал под влијание на групата врсници и една ситуација во која некој од вас бил иницијатор за несоодветно однесување на групата. Драматизирајте ги ситуациите и дискутирајте за начинот на решавање на проблемот.



**ИСТРАЖУВАЈ**

Направи анкета меѓу твоите другари/другарки со следното прашање: Што би направил/направила ако ти предложам да чкртаме на ѕидот од училиштето?

Дискутирајте за секој одговор.



**Проверувам колку научив**

**1. Како ќе постапиш со другарите/другарките кои сакаат да играат со топка во училницата? (Заокружи или допиши)**

а) ќе ги кажам на наставникот/наставничката

б) ќе им се придружам за да не ми се налутат

в) ќе им дадам предлог по часовите да играме со топката на некое спортско игралиште, двор или некое друго безбедно место за играње

г) ____________________________________________

**2. Ако групата пријатели даде предлог да направиме нешто со што не се согласувам, тогаш јас:**

а) ќе избегам

б) ќе се скарам

в) ќе им се приклучам

г) ќе ги убедувам да не го прават тоа

# ЈАС ИМАМ СВОЕ МИСЛЕЊЕ

Разгледај ја илустрацијата, прочитај го примерот и одговори на прашањата:

Братот и сестрата на Амди многу убаво свират на виолина. Татко му го запишал и него на часови по виолина. Но, Амди не е среќен. Тој многу сака да тренира карате.



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ!**

- Зошто Амди не е среќен?
- Во кој случај би бил среќен?
- Како може тоа да го постигне?

Разгледај ја илустрацијава, прочитај го примерот и одговори на прашањата:

На пријателите на Верче им беше здодевно. Се договорија да фрлаат камења по уличната светилка. Верче им објасни дека така можат да повредат некого, го оштетуваат општествениот имот, но и дека светилката е потребна навечер да им го осветлува патот на возачите и пешаците. Другарите продолжија да фрлаат камења. Верче се оддалечи од нив и се упати дома. Таа не подлегна на нивните убедувања. Верче има свое мислење за некои работи.



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ!**

- Зошто Верче не ја прифати играта на своите другари?
- Што значи тоа да имаш свое мислење?
- Зошто е потребно да имаш свое мислење за некои работи?
- Во кои ситуации го искажуваш своето мислење за нешто?

Секој човек има свое мислење за некоја ситуација, активност, интерес, поврзано со одобрување или неодобрување. Твоето мислење може да се разликува од мислењето на твоите врсници/соученици. Добро е своето мислење за нешто да го кажеш. Притоа внимавај некого да не навредиш затоа што искажаното мислење не треба да ја навредува личноста на другиот, туку да се однесува на постапката. Битно е да го искажеш своето мислење доколку забележиш дека нешто не се совпаѓа со твоите убедувања, размислувања или интереси и кога нечии постапки водат кон повреда или навреда на некого или нешто.



**АКТИВНОСТ**

**Дебата: „Јас мислам дека...“**

Марко и Лиридон се другари. Еден ден, шетајќи низ паркот, Марко најде паричник на тревата. Го отвори и виде дека во него има документи и пари. Реши да го земе со себе и да си ги користи парите. Лиридон не се согласи со тоа и го пријави на неговите родители. Дали Лиридон постапил правилно?

Прочитајте го текстот. Поделете се во две групи: група ЗА и група ПРОТИВ. Секоја група нека го брани своето мислење: Дали Лиридон постапил правилно и зошто така мисли групата?

**НЕ ЗАБОРАВАЈ!**

**Почитувај го мислењето на другите, ако сакаш и твоето мислење да се почитува!**



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ!**

- Кое мислење на твоето другарче некогаш не било прифатено и зошто?

**Проверувам колку научив**

**1. Прочитај ги прашањата, размисли и одговорите напиши ги на празните линии:**

а) Соседот на Ветон во дворот има јаболкница. Маја и Јонуз му предложија на Ветон да одат и да крадат од јаболката.

– Како би постапил/а ти на местото на Ветон?

__________________________________________________________

б) Марко предложи неговата група другари да не зборува повеќе со Каја, затоа што не му ја дала домашната задача да ја препише.

– Како би постапил/а ти да си на местото на другарите на Марко?

__________________________________________________________

**2. Кога го кажувам моето мислење, не ме интересира дали некој ќе се навреди или ќе повредам некого. (Заокружи)**

Да Не

**3. Мојот став за фрлањето отпадоци на јавни површини е:**

__________________________________________________________

# НЕПОТИЗАМ

Прочитај го текстов и одговори на прашањата:

Чичко „А“ и чичко „Б“ се другари. Чичко „А“ го води ракометниот клуб „Сонце“ во кој тренира и ќерката на чичко „Б“, девојчето„В“. Се наближуваше натпреварот со тимот „Пчелки“ и сите беа возбудени. Но... нешто не беше како што треба. Девојчето„В“ имаше голема желба да игра на решавачкиот натпревар. Чичко „Б“ реши да ја исполни желбата на својата ќерка. Му се јави на чичко „А“ и во име на нивното пријателство му рече да ја вклучи „В“ во тимот. Чичко „А“ негодуваше. Тој знаеше дека „В“ не се трудеше и не тренираше доволно во последно време, а тука е и девојчето„Г“, која вредно и упорно тренираше и очекуваше од неа големи достигнувања. Чичко „А“ беше во недоумица како да постапи.



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Како ја оценуваш постапката на чичко „Б“?
- Како се чувствувал чичко „А“?
- Заврши ја приказната и размисли:
  – Што би се случило ако „В“ не би била вклучена во тимот? А што би се случило ако чичко „А“ ја вклучи „В“ и ја изостави „Г“?
- На дадената шема напиши ги причините и последиците од постапките на чичко „Б“:

| | |
|---|---|
| Причина: „В“ е вклучена во тимот, „Г“ е изоставена. | Причина: „В“ не е вклучена во тимот. |
| ↓ | ↓ |
| Последица: | Последица: |

- Кои се последиците од вакви постапки?
- Како можеме да се спротивставиме на вакви ситуации?

Кога некој се обидува да ги искористи своите роднински врски за да постигне нешто во своја корист, велиме дека е непотизам. Непотизмот е негативна појава која најчесто се користи за постигнување успех без вложен труд.

**АКТИВНОСТ**

Во празново поле напиши пример за непотизам, а потоа со твоите другарчиња дискутирајте како вие би постапиле на местото на оној кој незаслужено постигнал некоја цел.



**НЕ ЗАБОРАВАЈ!**

**Успехот што го постигнуваш со свој труд е највреден!**

**ИСТРАЖУВАЈ!**

Направи анкета со повозрасните членови на твоето семејство: Дали некогаш се соочиле со непотизам и како реагирале во таква ситуација?





**Проверувам колку научив**
**Покрај исказот со кој се согласуваш или не се согласуваш стави го знакот ✓**

| Исказ | Да | Не |
|---|---|---|
| Користењето на роднински врски за стекнување на одредена придобивка е негативна појава. | | |
| Последица од непотизмот е неправда кон другите луѓе. | | |
| Прифаќам постигнување успех без вложен труд. | | |

# МИТО И ПОДМИТУВАЊЕ

Прочитај го цитатов, размисли и објасни го:

**„Ако пријателството со некого треба да го купуваш, тогаш немој воопшто да се трошиш“.** (непознат автор)

Прочитај го текстов и одговори на прашањата:

**Скршениот прозорец**

Децата од нашето маало играа фудбал во дворот пред зградата. Лина имаше среќа и даде гол.
– Гооооол! Гоооллллл! – се радуваше Арбер кој, пресреќен, ѝ честита.

Играта продолжи. Санела и Немања од спротивниот тим решија уште пожестоко да напаѓаат. Немања, налутен поради голот од Лина, силно ја шутна топката. Никој не виде каде одлета топката, но сите слушнаа силен звук на кршење стакло. Немања уплашено погледна кон скршениот прозорец. Знаеше дека сега чичко Исмаил ќе слезе во дворот и ќе го кара. Одеднаш му текна спасоносна идеја...



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ!**

- Што мислиш, која беше идејата на Немања? (Заокружи ја буквата пред понудените одговори)
  а) да ја признае вината пред чичко Исмаил;
  б) да им понуди на другарите да им купи сладолед само да не кажат на чичко Исмаил кој го скрши прозорецот;
  в) да излаже дека тој не го скршил прозорецот.
- Како ја оценуваш идејата на Немања да им купи сладолед на другарите само за да не го кажат на чичко Исмаил?
- Како би постапил/а ти да си на местото на Немања?

Во случката која ја прочита, Немања им понуди ***мито*** на своите другари за да не го кажат на чичко Исмаил. Тој се обиде да ги ***подмити*** за да ја оствари својата цел.

Нудење или барање мито се негативни појави во општеството. Подмитување е нудење на некоја услуга или нешто материјално за да се постигне некоја цел. Барање мито е барање на нешто материјално или некоја услуга за да му помогнете на другиот да постигне нешто.





**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ!**

Размисли кои од следниве ситуации прикажуваат подмитување или примање мито и одговори на прашањата:

**А) Јован сака да оди да вози скејтборд со другарите, но ја нема напишано домашната работа. Тој ѝ нуди на Лина да ја научи да вози скејтборд ако му ја напише домашната работа.**

- Дали оваа ситуација е нудење мито или примање мито?
- Како ќе постапиш во таа ситуација?

**Б) Седеф не сака да оди на еколошката акција во училиштето. Се преправа дека е болна. Кети ја знае нејзината тајна и ѝ побара чоколада за да не ја предаде.**

- Дали оваа ситуација е нудење мито или барање мито?
- Како ќе постапиш на местото на Седеф, а како на местото на Кети?

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ!**

- Кои примери можат да се набројат од секојдневниот живот каде што среќаваме мито и подмитување?
- Кои се последиците од примање мито и подмитување?
- Како треба да постапиш кога ќе се соочиш со таква појава?



**АКТИВНОСТ**

Поделете се во две групи. Едната група нека напише писмо до Немања во врска со неговите постапки (од текстот „Скршениот прозорец“), а другата група нека напише писмо до другарите на Немања. Размислете што ќе напишете во писмата. Дискутирајте во врска со напишаното. Секоја група нека ги образложи своите ставови.

Кога се користи својата позиција за да се оствари некоја приватна добивка, која е незаконска, велиме дека е **корупција**. Овој вид злоупотреба во општеството се јавува во повеќе форми, кои, понекогаш се видливи, а често скриени. Непотизам, мито, подмитување, протекции (неоправдана заштита) и сл. се корупција. За човекот кој прифаќа и применува корупција, велиме дека е корумпиран. Секогаш кога се соочуваме со корупција, треба да им пријавиме на повозрасните.



**Проверувам колку научив**

1. Афродита сака да биде претседател на одделението. На своите другари/другарки им понуди сликички за албум доколку гласаат за неа. Одреди што направила Афродита:
   а) понудила мито
   б) прифатила мито
   в) сакала да има повеќе другари
   г) сакала да ѝ се допадне на наставничката

2. Дали другарите треба да го прифатат предлогот на Афродита?
   Да  Не

3. Корупција е:
   а) непотизам, мито, подмитување
   б) себичност/егоизам
   в) благодарност, дружељубивост
   г) полесен начин до успех

# СЕ ОДНЕСУВАМ ЧЕСНО, ПРАВЕДНО И ПРАВИЛНО

Размисли кои негативни појави се опишани и како постапиле Мира и Лука:

Мира зајми книга од училишната библиотека. Без да сака, се скина една страница од книгата. Јане предложи да ја преземе тој вината, а за возврат таа да му даде 50 денари. Мира знаеше дека треба да постапи чесно и да му каже на библиотекарот дека ја оштетила книгата. Таа не го прифати предлогот на Јане.

Татко му на Лука е фудбалски судија. Лука има натпревар, но судија е татко му. При една одбрана, Лука ја допре топката со рака. Татко му не судеше пенал. Лука се обрати до другиот судија и ја призна грешката.



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ!**

- Оцени ги прво постапките на Јане и на татко му на Лука, а потоа на Мира и на Лука.
- Како се вика особината кога ја признаваш грешката и сакаш да ја поправиш? Во кои постапки од наведените примери ја пронаоѓаш?
- Опиши некоја ситуација во која чесноста ти беше поважна од добивката.

# МОЕТО ОПКРУЖУВАЊЕ

Чесно однесување е кога не прифаќаш успех кој не си го заслужил/а и се спротивставуваш на секој успех без труд.

Разгледај ги илустрацииве и размисли на кои илустрации е прикажано праведно решение:





**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ!**

- Како е решен случајот со децата кои не можат да го следат натпреварот?
- Како е решен случајот со девојчето во количка?
- Наведи пример за праведно однесување.

Праведно однесување е кога се грижиме сите да бидат задоволни од донесеното решение, сите да бидат еднакви и да се биде фер.



Размисли кои се последиците од прикажаниве ситуации:



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ!**

- Дали штетата е направена намерно?
- Како можело да се избегне штетата?
- Како може да се поправи направената штета?

Правилно однесување е да се придржуваш до правилата на однесување во твоето опкружување.

Чесното, праведното и правилното однесување се одлики на позитивен карактер кај луѓето. Тие придонесуваат да се изградиш во личност која ќе биде почитувана и ценета.



**ОТКРИЈ**

Како се викаат особините кои се спротивни
на праведноста и чесноста?



**АКТИВНОСТ**

**Како ќе пресудиш?**

**Прочитај ги текстовите „Најдобар другар“ и „Која си ти“, а потоа дај свое мислење како ќе пресудиш. Дискутирајте со другарчињата за начините како ќе ги решите ситуациите.**

Најдобар другар

Јоаким ми е најдобар другар. Живееме во иста зграда и одиме во исто одделение. Денес Јоаким ѝ го скина блокот за цртање на Ема. Никој не го виде тоа, освен мене. Таа го пријави на наставникот. Откако ги сослуша Јоаким и Ема, наставникот побара од мене да раскажам што се случи. Како да постапам?

**Која си ти?**

Јас сум Дејан. Знаете кој Дејан? Тој што е страв и трепет на сите во одделението. Е, многу сакам кога сите ме слушаат и се плашат од мене. Ама... денес многу се налутив. Решив на училишното игралиште да нацртам нешто со спреј во боја. Почекав сите да си одат дома и почнав да цртам. Ех, каква несреќа – однекаде ме видела Мели. Ме кажала на наставникот. Ама јас сум Дејан, јас не признавам ништо, па така и на наставникот ништо не му признав. А на одмор, на одморот ја начекав Мели. Ѝ ставив сопка за да падне и убаво, јасно и гласно ѝ реков: „Која си ма па ти да ме кажуваш на наставникот? Ти, безвредно девојче!“ Ете, така ѝ кажав, нели сум во право?

**Проверувам колку научив**

**Покрај исказот со кој се согласуваш или не се согласуваш стави го знакот ✓**

| Исказ | Да | Не |
|---|---|---|
| Чесно однесување е кога му нудиш подарок на своето другарче за да ти помогне. | | |
| Маре, Мерсиха и Лејла се другарки. Маре купи сладолед и на Мерсиха ѝ подаде една топка, а на Лејла две топки сладолед. Маре не постапила праведно. | | |
| Правилно однесување е кога внимаваш со своето однесување да не направиш штета или да не повредиш некого. | | |



# ЕМПАТИЈА

Разгледај ги илустрацииве и опиши што почувствува додека ги гледаше:



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Кои од овие ситуации си ги доживеал/а?
- Како се чувствуваат луѓето кога ќе се најдат во таква ситуација?
- Што можат да преземат тогаш?

**Емпатијата** претставува сочувствување, разбирање на чувствата на другите. Кога некоја личност чувствува емпатија, се појавува желба да се помогне на другиот. Емпатијата е позитивна човечка особина, која се развива со правилно воспитување на личноста.

Дадени се неколку ситуации. Прочитај ги и обиди се да се соживееш со ситуацијата, односно со детето кое е во одредената ситуација. Дали сочувствуваш со него?

Провери дали си емпатична личност.

| | СИТУАЦИЈА | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|
| 1 | Сузана на училиште дојде со стари чевлички. Нејзините другарки ѝ се обраќаа со погрдни зборови и ѝ се потсмеваа. Сузана се чувствуваше понижено и навредено. | | |
| 2 | Кире не може никако да научи да игра шах. Другар му со кого игра, на другите другари им рече дека Кире никогаш нема да научи да игра шах. Кире се расплака. | | |
| 3 | Вјолца секој ден на училиште го носи своето „среќно пенкало“. Еден ден Мите и Марвин ѝ го зедоа и не сакаа да ѝ го вратат. Вјолца ги молеше, но тие уште повеќе почнаа да ѝ се потсмеваат. Вјолца почна тивко да плаче. | | |
| 4 | Елвис има проблем со видот. Кате и Мајлинда почнаа да се смеат кога тој не можеше да прочита што напишал наставникот на таблата. Елвис се чувствуваше засрамено и повредено. | | |

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ!**

- Како се чувствуваа Сузана, Кире, Вјолца и Елвис?
- Како би постапил/а ти доколку во твоето опкружување има деца како Сузана, Кире, Вјолца и Елвис?





**АКТИВНОСТ**

**Во чевлите на другиот**

Одберете една од прикажаните ситуации во претходната вежба. Поделете се во две групи. Едната група ќе ја драматизира, а другата група ќе ја следи драматизацијата. Кога ќе процени дека се случува нешто неприфатливо за нив, нека викне СТОП и нека ја заврши драматизацијата онака како што мисли дека е правилно. На крајот: образложете зошто мислите дека вашиот избор е правилен.

**НЕ ЗАБОРАВАЈ!**

**Однесувај се кон другите онака како што сакаш другите да се однесуваат кон тебе!**

**Проверувам колку научив**

1. Миле му се потсмеваше на Аце дека не може брзо да трча. Аце се навреди и почна да плаче. Мајлинда му посочи на Миле дека не е убаво да се потсмева. Го гушна Аце и почна да го теши. Му рече дека ќе му помогне да вежба. Во наведениот случај Мајлинда кон Аце покажа:
   а) љубомора
   б) нетрпение
   в) емпатија
   г) љубопитност

2. Што најчесто правиш кога ќе почувствуваш емпатија?
   а) Посакувам да помогнам, но се двоумам.
   б) Сочувствувам, но се правам дека не гледам.
   в) Кажувам на некој друг за тој/таа да помогне.
   г) Помагам во рамките на моите можности.

# СТЕРЕОТИПИ И ПРЕДРАСУДИ

Прочитај ги исказите и во празните полиња обележи со ✓ ако се согласуваш или со **X** ако не се согласуваш со тврдењето:

1. Аце има маче. Веќе два дена Аце не може да го најде мачето. Почна да плаче. Сосетката му вели: „Ти си момче и не смееш да плачеш.“

Дали се согласуваш со мислењето на сосетката? ☐

2. Денис игра фудбал со неговите другари. Неговата сестра сака да се вклучи во тимот. Денис вели: „Ти си девојче. Девојчињата не играат фудбал.“

Дали се согласуваш со Денис? ☐

3. Сара и Дамир се брат и сестра. Секое утро, кога се подготвуваат за на училиште, Дамир ѝ вели на Сара: „Намести го и мојот кревет. Ти си девојче и треба да ги местиш креветите!“

Дали се согласуваш со Дамир? ☐

4. Тони многу го сака балетот. Се пријави да посетува часови по балет. Другарите му се потсмеваат: „Балетот е за девојчиња. Ајде да тренираме бокс! Тоа е за момчиња.“

Дали се согласуваш со другарите на Тони? ☐








**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ!**

- Зошто се согласуваш или не се согласуваш со наведените примери?
- Зошто децата од прикажаните ситуации така се однесуваат?
- Како и каде го научиле тоа?
- Какво е твоето мислење во врска со овие ставови?
- Наброј уште некои примери од твоето опкружување во врска со работи кои мислиме дека девојчињата смеат/треба да ги работат, а момчињата не и обратно.

**Обиди се да ги дополниш примерите за стереотип и за предрасуда:**

| Стереотип | Предрасуда |
|---|---|
| Девојчињата не се добри спортисти. | Другарите на Јана и Мерсиха не ги примаат во кошаркарскиот тим. |
| Момчињата треба да се силни, а не нежни. | На училишната приредба девојчињата не го примија Дамир да учествува во балетската точка иако Дамир вредно вежбаше и правилно ги изведе сите движења. |
| | Додека ја средуваа училницата, Велимир рече: „Девојчињата нека ја избришат таблата и нека ги подредат клупите, а ние машките ќе одиме да играме фудбал.“ |
| Розовата е боја на девојчињата. | |
| | Другарите му се потсмеваа на Наум кога падна и почна да плаче. |

Од дадените примери заклучи дека некои стереотипи водат до предрасуди. Предрасудите се најчесто негативно мислење/чувство кон некого без лично да го знаеш. Предрасудите се донесуваат врз основа на стереотипи. Стереотипите се обично негативни ставови кон групата на која припаѓа личноста за која имаме предрасуди. Тие се неоправдани мислења, кои можат да доведат до лошо однесување кон другите.




**АКТИВНОСТ**

Нацртај цртеж кој е спротивен на дадените стереотипи во претходната вежба. Со зборови под цртежот напиши тврдење спротивно од стереотипот. На пример: „И девојчињата се добри спортисти“, „И момчињата плачат“ итн.

Дискутирајте што сте нацртале и зошто тоа сте го нацртале.

# МОЕТО ОПКРУЖУВАЊЕ

**НЕ ЗАБОРАВАЈ!**

**Запознај ја личноста пред да формираш мислење за неа.**

**ИСТРАЖУВАЈ!**

Направи анкета кај повозрасните членови на семејството: Со кои стереотипи се соочнуваат и како ќе придонесат да се надминат тие стереотипи?



**Проверувам колку научив**

**Одреди кој од исказите е стереотип, а кој е предрасуда со поставување на знакот ✓**

| Исказ | Стереотип | Предрасуда |
|---|---|---|
| Жените се лоши возачи. | | |
| Меди нема да зготви вкусен ручек затоа што е машко. | | |
| Машките се лоши готвачи. | | |
| Хана нема да умее да управува со авион, затоа што е женско. | | |

# КАКО СЕ ОДНЕСУВАМ КОН МОИТЕ ДРУГАРКИ/ДРУГАРИ

Прочитај ги текстовите и одговори на прашањата:

Во нашата паралелка учи Магде. Таа е примерна и добра ученичка, а во исто време и одличен тркач на 100 метри. Но, тука се и Јохан и Денис, кои, исто така, тренираат атлетика.
Денес имаше одделенски натпревар во трчање. Јохан беше сигурен дека ќе победи, но на трката победи Магде. Јохан многу се налути. Се чувствуваше понижено затоа што другарите го задеваа дека го победило девојче. На одморот почна да ѝ испраќа навредувачки пораки по телефон, а потоа заедно со Денис отидоа до Магде и почнаа да ја навредуваат. Почнаа да ја нарекуваат и со погрдни имиња. Јохан не можеше да го поднесе поразот од „едно девојче“.







Ербеј е ситно момченце, има потешкотии со видот и секогаш повлечено седи на првата клупа. На Јасна, Седеф и Мира тоа им пречи. Еден ден се договорија на Ербеј да му го поместат столчето кога ќе седнува. Ербеј падна и во исто време му паднаа и очилата кои се скршија. Девојчињата се смееја, а Ербеј се засрами и се расплака. Тоа беше причина уште повеќе да му се потсмеваат: „Ербеј не е момче, момчињата не плачат.“

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ!**

- Како го проценуваш однесувањето на Јохан, Денис, Јасна, Седеф и Мира?
- Каков вид на насилство се случи во првиот текст, а каков во вториот текст?
- Кои стереотипи беа причина да доведат до вербално или физичко насилство?
- Наведи пример кога си учествувал/а или си видел/а некое слично вербално или физичко насилство кое е поттикнато од стереотип или предрасуда.

Насилството може да биде вербално или физичко. Вербалното насилство се однесува на кажување погрдни зборови, навреди, закани и слично. Физичкото насилство се однесува на физички контакт при што цел е нанесување физички повреди.

Често предрасудите доведуваат до вербално или до физичко насилство.





**НЕ ЗАБОРАВАЈ!**

**Насилството не е начин на решавање на проблемите.**
**Насилството раѓа друго насилство.**

Од дадените примери одреди каков вид на насилство е присутно и која предрасуда е причина за тоа:



1. Софија го победи Емре во пливање. Емре се налути затоа што го победи девојче и почна да ја навредува со погрдни зборови.

Предрасуда:

___

Вид на насилство:

___



2. Аднан на училиште дојде со црвен дуксер. Ана и Дона му се потсмеваа и го нарекуваа со погрдни зборови. Му велеа дека машките не носат црвено. Кога видоа дека Аднан не реагира на нивните провокации, Дона го турна по грбот и Аднан падна по скалите.

Предрасуда:

___

Вид на насилство:

___

## Проверувам колку научив

**1. Кажување навреди и погрдни зборови кон некого е:**
а) физичко насилство
б) вербално насилство
в) ненасилно однесување
г) начин на другарување

**2. Најдобар начин да се разреши некое несогласување е:**
а) разговор
б) физичко насилство
в) попуштање
г) уценување

**3. Миа секогаш има куса коса. Лео вели дека не поднесува кога девојчињата имаат „машка фризура“. Се подготвува да ја навреди. Како ќе постапиш ти?**
а) Ќе му објаснам на Лео дека Миа има право да се потстрижува како сака.
б) Ќе го поддржам и ќе му се придружам во навредите.
в) Ќе ги известам членовите на ученичката заедница да се реши проблемот.
г) Ќе ѝ кажам на Миа наредниот пат да не ја потстрижува кусо косата.





# СРЕДИНАТА ВО КОЈА ЖИВЕАМ


1 Население и структура на население

2 Општина на живеење

3 Симболи на општината

4 Градоначалник/градоначалничка

5 Грижа на општината за граѓаните

6 Културно-историско наследство во општината

7 Се ориентирам на географска карта

8 Картографски знаци

9 Населени места во Република Северна Македонија

10 Пред картата на Република Северна Македонија

11 Местоположба на моето место на живеење

12 Стопански дејности

13 Поврзаност на стопанството со природните одлики на земјата

14 Одговорно користење на природните ресурси

15 Екологија

16 Селектирање и рециклирање на отпад

17 Еко-истражување

# ТЕМА 2

# СРЕДИНАТА ВО КОЈА ЖИВЕАМ

**Резултати од учење**

Ќе се оспособиш да:

- ја опишуваш половата, возрасната, образовната и етничката структура на населението во општината и во државата;

- ја определуваш местоположбата на своето место на живеење на географска карта;

- ги препознаваш симболите на општината, да ги наведуваш нејзините карактеристики, да објаснуваш како таа се грижи за сите граѓани и да опишуваш како се избира градоначалникот;

- ги разликуваш стопанските дејности и да ги поврзуваш со факторите (климата, релјефот и природните ресурси) кои придонесуваат за нивниот развој;

- разликуваш одговорно од неодговорно однесување кон животната средина;

- развиваш еколошка свест и да се грижиш за заштитата на животната средина.



# НАСЕЛЕНИЕ И СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕ



Во одделението дојде нова ученичка, Аника. Кога се претстави пред своите соученици, рече дека е од Тетово. Опишувајќи го својот град, им кажа на другарчињата дека Тетово е еден од поголемите градови во Република Северна Македонија според бројот на население. Нејзините соученици ја запрашаа наставничката што е тоа **население**.




Население означува број на луѓе на одредена територија.

Бројот на населението може да биде пресметано на светско ниво, на ниво на држава, на ниво на регион, град, населба или село. Тоа значи дека во одредена држава, град, село или место живее одреден број луѓе.

Бројот на населението секојдневно се менува, расте или се намалува. Бројот на населението во државата се утврдува со организирање попис.




**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- На кој начин може да се дознае бројот на населението?
- Разгледај го дадениот графикон и подреди ги градовите според бројот на население почнувајќи од поголемо до помало население.
- Кој град има најмногу население според дадениот графикон?
- Кој град има најмалку население?
- Размисли која е причината за густината на населението во некое населено место!




**АКТИВНОСТ**

На веб-страницата на твојата општина провери колкава е населеноста на твоето место на живеење. Спореди ја со две најблиски населени места. Изработи графикон на кој ќе го прикажеш бројот на населението во трите населени места. Разговарајте за причините кои довеле до разликата во бројот на население.





Светот е место кое е населено со луѓе различни по возраст, јазик, пол, образование, верување, род, попреченост итн. За да ја разбереш разновидноста на населението, ќе ти помогне следната активност:

Излези во училишниот двор. Набљудувај ги учениците и вработените. Одговори на следните прашања:

– По што се разликуваат учениците и вработените во училиштето?
– Запиши ги сите можни начини како можеш да ги класифицираш!
Начинот како ги класифицираше покажува на кои начини може да се прикаже структурата на учениците и вработените во твоето училиште.




Структурата на населението ни ја прикажува разновидноста на населението во светот, државата, регионот, градот, селото...

Тоа може да се разликува според:
- возраст,
- пол,
- етничка припадност,
- образование и друго.

Пописот е начин кој овозможува да се дознае бројот на жители во една држава, но и структурата на населението во таа држава.

**Возрасната структура** ни кажува каков е соодносот меѓу возрасните групи (младо население до 19 години, зрело население од 20 до 65 години и старо население над 65 години) на одредена територија.

**Полова структура** е соднос меѓу машкото и женското население на одредена територија. Соодносот меѓу машкото и женското население во светот е скоро изедначен.

**Етничка структура** е состав на населението според етничката припадност на граѓаните (припадност на одреден народ). Така на пример, во Република Северна Македонија живее: македонски народ, дел на албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ,



ромскиот народ, бошњачкиот народ и други. Сите тие можат да имаат свои обележја како што се: јазикот, обичаите, традицијата, верата итн. Сите граѓани на Република Северна Македонија имаат еднакви права загарантирани со Устав.

**Образовната структура** го означува нивото на образование на населението. Образованието е еден од најважните фактори за развојот на една земја. Поради тоа се вршат различни истражувања за да се дознае колкав степен од населението е образовано и кој е степенот на образование. Образовната структура на населението може да се прикаже преку:

– писмено/неписмено население или

– степен на образование (без основно образование, со основно образование, со средно образование, со високо образование и повисоки степени на образование).

**АКТИВНОСТ**

Направете „Одделенски попис“ во вашето одделение на следниот начин:

- Одберете попишувач/попишувачка.
- Заеднички направете табела во која попишувачот треба да ги внесе следните податоци: родителот/старателот на секој ученик/ученичка (возраст, пол, етничка припадност и образование).
- Подредете ги податоците и прикажете ги со помош на столбести дијаграми.



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Одреди која е возрасната, половата, етничката и образовната структура во вашата паралелка според „Одделенскиот попис“.
- Што заклучуваш од добиените податоци?
- Споредете ги вашите податоци со податоците од другите паралелки. Каква е старосната, половата, етничката и образовната структура во другите паралелки?

**ДОЗНАЈ**

Која земја во светот има најмногу население, а која најмалку?
Колку изнесува проценката на бројот на целокупното светско население?

Светот е место кое постојано се менува, развива и напредува. Луѓето се раѓаат, се преселуваат, стареат, умираат. Сето тоа придонесува бројот на жители и структурата на населението да не биде нешто постојано и статично, туку променливо.






**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Откриј колкав процент од населението пред 50 години било неписмено. Спореди и размисли зошто има толкава разлика со сегашните податоци.
- На интернет со помош на наставникот/наставничката пронајди податоци за структурата на населението во твојата општина. Претстави ги со помош на графикони. Размисли која структура на населението би можела најбрзо да се промени. Образложи зошто така мислиш.
- Истражувај со помош на наставникот/наставничката каква е структурата на населението во нашата држава.

**Проверувам колку научив**

**1. Што ни прикажува структурата на населението?**

___

___

**2. Структурата на население која ни кажува каков е соодносот меѓу младото, зрелото и старото население ја прикажува:**

а) половата структура
б) возрасната структура
в) образовната структура
г) етничката структура

**3. Структурата на населението е променлива во зависност од**

___

___

# ОПШТИНА НА ЖИВЕЕЊЕ




Оливера и Алмедин се подготвуваа да присуствуваат на „Фестивалот на цвеќето“. Оваа година домаќин е нивната општина. Тоа значи дека гости ќе им бидат претставници од другите општини кои ќе учествуваат со свои изработки од цвеќиња. Братот на Алмедин, Арбер не знае што значи зборот општина. Оливера се обиде да му објасни.

Општина е заедница на жители на одредено подрачје со која управува заедничка администрација и градоначалник/градоначалничка.

Граѓаните кои имаат постојано живеалиште на подрачјето на една општина, се жители на таа општина. Жителите на општината имаат право да даваат предлози до општината кои се однесуваат на значајни прашања (на пр: прашања поврзани со екологијата, водоснабдувањето, електричното јавно осветлување, културно-забавниот живот во општината, прашања поврзани со образованието, здравјето и слично). На тој начин придонесуваат за поквалитетен живот во општината, но и нејзин напредок.

Општината е составена од повеќе населени места (град и околни села, поголемо село со околни села или град составен од повеќе населби кои во исто време се општини), но може да биде и составена од едно населено место.

На пример:



Општина Битола
(град со повеќе околни села)




Општина Пласница (составена од поголемо село со околните села)




Општина Вевчани
(само едно населено место)




Град Скопје составен од повеќе населби-општини

Во Република Северна Македонија има 80 општини. Од нив 10 општини припаѓаат на Град Скопје.

Разгледај ја картата и размисли кои општини си ги посетил или познаваш луѓе кои живеат во нив.






**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Кои населени места припаѓаат на твојата општина?
- Кое е најголемо населено место по број на жители во твојата општина, а кое е најмало?
- Откриј колкава површина зафаќа твојата општина.
- Со кои општини се граничи твојата општина?

На немата карта обој ја и именувај ја општината во која живееш.





Скопје - општини

## АКТИВНОСТ

**„Да се запознаеме“**

Со помош на *Google Translate* од интернет или со помош на вашите другарчиња од другите етнички заедници, откријте како се вели „Добар ден“, „Здраво“ и „Јас се викам...“ на другите јазици кои се говорат во вашата општина. Запишете ги зборовите на ливчиња. Секој од вас нека извлече едно ливче и нека ги каже зборовите на другиот јазик. „Запознавајте се“ на што повеќе јазици.

## РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ

- Кои јазици се зборуваат во твојата општина?

**ДОЗНАЈ**

- Која е најголема, а која најмала општина по површина во Република Северна Македонија?
- Од кои населени места се составени?
- На кои јазици се зборува во нив?



**Проверувам колку научив**

**1. Општина е единица на локална самоуправа и е заедница на жители на одредено подрачје. (Заокружи.)**

ДА НЕ

**2. Општината е составена од: (Заокружи го точниот одговор.)**

а) едно населено место
б) повеќе населени места
в) едно или повеќе населени места

**3. Кој може да биде жител на една општина?**

______________________________

**4. На кој начин жителите учествуваат во работата на општината?**

______________________________

______________________________

# СИМБОЛИ НА ОПШТИНАТА




На фестивалот на цвеќето Оливера, Алмедин и Арбер забележаа дека сите претставници на општините носеа развеани знамиња на општината од која доаѓаат.

– Погледни Алмедин, колку убаво изгледаат знамињата на општините. Да го најдеме знамето на нашата општина! – предложи Оливера и почна со поглед да пребарува низ развеаните знамиња.






Знамето е симбол на општината. Исто така и грбот е симбол на општината. На нив се прикажани најважните обележја за таа општина. Симболите на општината се разликуваат од државните симболи на Република Северна Македонија.

Разгледај ги следните примери на симболи на некои општини и објасни кои обележја се карактеристични за тие општини!





Грбот и знамето на Град Скопје





Грбот и знамето на Општина Охрид







Грбот и знамето на Општина Гевгелија





Грбот и знамето на Општина Гостивар

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Со кои обележја се карактеризира твојата општина?
- Претпостави како изгледаат симболите на твојата општина според главните обележја на општината и нацртај ги во празните полиња или во твојата тетратка.

Грб

Знаме

- А сега пребарај на веб-страницата на општината и откриј како навистина изгледаат грбот и знамето на твојата општина.
- Спореди ја твојата претпоставка и вистинските симболи на општината. Во што е разликата?




**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Кога и каде се користи знамето во твојата општина?
- На кои манифестации си го видел истакнато знамето на твојата општина?
- Каде си го видел грбот на твојата општина?



Грбот се користи во општинските документи. Знамето се поставува на општинската зграда и на другите институции кои се основани од општината. Се истакнува на празнични денови, на културно-уметнички, спортски, политички, научни и други манифестации во организација под покровителство и од интерес за општината.

**АКТИВНОСТ**

**„Нашите симболи“**

Замисли дека си жител на имагинарната општина Сонце. Замисли ги и главните обележја на општината (планини, полиња со жито, река и сл.). Сега нацртај грб и знаме на општината. Спореди ги симболите кои ги нацрта со цртежите на твоите другарчиња. На хамер нацртајте заеднички грб и знаме за вашата замислена општина Сонце. Дискутирајте што друго би додале на симболите.

**Проверувам колку научив**

1. Грбот и знамето на општината се:
   а) важни настани
   б) симболи на општината
   в) државни симболи

2. На грбот и знамето на општината се прикажани ___________________ со кои се одликува општината.

3. На еден меѓународен натпревар по природни науки учествуваа Идриз и Гордана. Тие се од Струга. Дали на натпреварот треба да се истакне знамето на нивната општина?

Да Не

# ГРАДОНАЧАЛНИК/ ГРАДОНАЧАЛНИЧКА




Пред насобраниот народ на бината се појави градоначалничката на општината која одржа говор за добредојде на претставниците на општините, натпреварувачите и сите присутни.

Арбер се заинтересира која е жената што сите ја поздравија и со внимание ѝ го слушаа говорот.

– Алмедин, која е оваа жена? – праша тој.

– Таа е нашата градоначалничка, – одговори Алмедин.

– Дали секоја општина има градоначалничка?

– Да, секоја општина има градоначалник или градоначалничка – одговори Алмедин.

– Која е нивната улога? – праша Арбер.

Алмедин започна да објаснува...

Градоначалникот/градоначалничката е претседател/претседателка на град или општина кој ја претставува и застапува општината. Тоа значи дека тој/таа е одговорен/одговорна за работата на општината и сите органи во неа. Секој градоначалник/градоначалничка треба да се грижи за правилното работење на општината и за решавањето на проблемите кои се важни за неа. Тоа се прашања и проблеми поврзани со: екологијата, здравата животна средина, културата, спортот, образованието и сл.

Жителите на општината имаат право да даваат предлози за решавањето на проблемите во општината.

Градоначалник/градоначалничка се избира на секои четири години, преку избори со тајно гласање. Право на гласање имаат сите жители на општината кои наполниле 18 години. Сите гласаат лично и по свое убедување.



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Кој е градоначалник/градоначалничка на твојата општина?
- Што е променето во твојата општина во текот на оваа година? Прашај ги повозрасните што е променето во твојата општина во последните пет години.
- Што би направил за својата општина доколку ти си градоначалничка/градоначалник?



Секој кој се кандидира за градоначалник, треба да има направено програма која ќе ја претстави пред граѓаните на општината. Во таа програма тој/таа им нуди на граѓаните решавање на проблемите, но и унапредување на квалитетот на животот во општината. На денот на изборот, секој полнолетен жител на општината има право да гласа за својот избор на градоначалник/градоначалничка. Гласањето е тајно и слободно што значи никој нема право да се меша во изборот на граѓанинот или да знае за кого гласал гласачот/гласачката. Тоа е демократско право на секој граѓанин.

**АКТИВНОСТ**

## „Избираме градоначалник/градоначалничка“

Подготви програма на градоначалник/градоначалничка со која ќе се претставиш пред гласачите. Презентирај ја програмата пред твоите другарчиња „гласачи“. Внимавај што ќе предложиш во програмата и кои проблеми во општината ќе ги решаваш. Заеднички направете список на гласачи, направете гласачка кутија и одберете тројца членови на избирачки одбор. Гласачите гласаат тајно. Секој кој гласал, се запишува во гласачкиот список. На крајот на гласањето членовите на комисијата ги пребројуваат гласовите. Откако ќе го изберете „градоначалникот/градоначалничката“, дискутирајте зошто токму тој/таа и неговата/нејзината програма победиле.



**ПОДГОТВИ СЕ ЗА НАРЕДНИОТ ЧАС**

Размислете за проблемите со кои се соочуваат граѓаните на вашата општина. Поставете прашања и побарајте предлог за нивно решавање од граѓаните од општината. Организирајте посета во вашата општина. Поделете се на групи и подгответе прашања кои ќе ги поставите на градоначалникот/градоначалничката и вработените во општината. Прашањата нека бидат поврзани со проблемите и решавањето на проблемите во вашата општина:

- Животна средина
- Здравје
- Образование
- Поддршка на лицата со попреченост, децата, старите и сиромашните

**Проверувам колку научив**

1. Градоначалникот/градоначалничката е одговорен/одговорна за:
   а) решавањето на проблемите во општината и унапредување на животот во неа
   б) потпишување на документи
   в) изградба на патишта
   г) сè од наведеното

**2. Кои жители на општината можат да го остварат своето право на гласање?**

___________________________________________

**3. На денот на избори за градоначалник/градоначалничка, Марија сакаше да провери за кого гласа Менсур. Дали со тоа Марија го нарушува правото на тајно гласање на Менсур?**

Да        Не

4. Што треба да содржи програмата на градоначалникот/ градоначаничката кога се кандидира на избори?

___________________________________________

___________________________________________



# ГРИЖА НА ОПШТИНАТА ЗА ГРАЃАНИТЕ




Откако заврши фестивалот на цвеќињата, Алмедин, Оливера и Арбер решија да ја посетат општината и поблиску да се запознаат со работата и должностите на градоначалничката и вработените во општината. Се упатија кон општинската зграда и се најавија кај градоначалничката. Оливера и Алмедин веќе имаа подготвено прашања кои ќе ги постават. Едни од тие прашања беа:

– Како се справува нашата општина со отпадните води?
– Како се врши селекција на отпадот во нашата општина?
– Како ги поттикнува општината надарените ученици?
– Како се грижи општината за лицата со попреченост?
– Што презема општината во врска со старите лица?
– Како се грижи општината за развојот на спортот и културата?

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

Во табелата запишете ги вашите прашања кои ги подготвивте и одговорите кои ги добивте при посетата на општината.

| **Група:** | |
|---|---|
| Прашања | Одговори |
| | |

Заеднички дискутирајте за одговорите кои ги добивте од градоначалникот/градоначалничката и вработените во општината.

• Кои позитивни работи ги дознавте?
• На кои проблеми во општината треба да се посвети повеќе внимание?
• На кој начин можеш ти да придонесеш за решавањето на проблемите во твојата општина?
• Што би презел/презела ти во врска со откриените проблеми доколку си градоначалник/градоначалничка?

| Проблем | Предлог за решавање на проблемот во општината |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

Запишете ги вашите предлози во вид на барање и доставете ги до општината.

**АКТИВНОСТ**

**„Решаваме проблем“**

Поделете се во две групи. Наставникот/наставничката поставува проблем кој се појавува во вашата општина, а вие треба да пронајдете решение за проблемот. Секоја група го изнесува својот став преку својот претставник. Дискутирајте чие решение е подобро и попрактично за реализирање. Напишете ги предлозите на хамер и закачете ги во училницата. Проверете на крајот на учебната година кои од овие решенија на проблемите се реализираа во вашата општина.

**Проверувам колку научив**

**1. Општината е должна да се грижи за животната средина, здравјето, образованието, да дава поддршка на лицата со попреченост, старите и сиромашните, културата и спортот во општината.**

Да Не

**2. Во една населба жителите забележаа дека корпата за отпадоци која беше поставена во паркот, е преполна. Децата кои играа во паркот, почнаа да ги фрлаат отпадоците покрај корпата, но и во тревата. Како треба да се постапува во случајот кој е опишан?**

____________________________________________

3. Кој е одговорен за насобраниот отпад?

а) општината
б) жителите
в) општината и жителите

4. Харис е дете кое користи количка за да може да се движи. Тој не може да се движи на тротоарите затоа што таму има паркирани возила. Како треба да се постапува во случајот кој е опишан?

____________________________________________

5. Кој е одговорен за оваа ситуација?

а) општината
б) жителите
в) општината и жителите

# КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО ВО ОПШТИНАТА

Враќајќи се од посетата на општината, на Оливера ѝ остана неразјаснето едно прашање. Му се обрати на Алмедин:
– Алмедин, заборавив да ја прашам градоначалничката дали во нашата општина има културно-историско наследство и како се грижи општината за него.
– Што е тоа културно-историско наследство? – праша Арбер.



Културно наследство се материјални и нематеријални остатоци од минатото што се наследени од нашите предци (објекти, стари градби, стари предмети, културно-историски споменици, уметнички дела, обичаи, народни песни и ора, народни носии и везови, преданија, верски обреди, празници, занаети и сл.) На пример:




Музеј на албанската азбука, Битола


Археолошки локалитет Хераклеа, Битола


Вевчански карневал


Шарена џамија, Тетово


Охрид, Стар град


Манастир Свети Јован Бигорски, Дебарско


Резбар, Охрид


Камен мост, Скопје


Кокино


Стара скопска чаршија

– Хммм, ајде да откриеме со какво културно-историско наследство е богата нашата општина! – предложи Алмедин.
– Како ќе го направиме тоа? – праша Оливера.
– Јас предлагам да го прашаме наставникот по историја и наставничката по ликовно во нашето училиште да ни каже кои објекти и стари градби ги има во нашата општина, а потоа и да истражиме на интернет – рече Алмедин. – Можеме да ги посетиме и да ги фотографираме.
– Јас предлагам да одиме во музејот и да го замолиме кустосот да ни објасни за старите предмети и уметничките дела кои се наоѓаат во музејот – рече Оливера.
– А јас бидејќи сум најмал и не одам на училиште, ќе ги прашам баба и дедо за обичаите и преданијата – рече Арбер.




**Самоиловата тврдина, Охрид**

**ИСТРАЖУВАЈ**

Културно-историското наследство е белег на некој народ кој преку него се идентификува.

Истражи со кое културно-историско наследство е богата твојата општина.

- Поделете се на групи.
- Договорете ги правилата на групите.
- Одберете по едно другарче кое ќе презентира на крајот на истражувањето. Исто така, одберете другарче кое ќе го фотографира тоа што го истражувате.
- Секоја група нека истражи за:

– културно-историски споменици, стари градби и објекти;

– уметнички дела и стари предмети;
– обичаи, преданија, верски обреди и празници;
– народни песни и ора, народни инструменти, народни носии и занаети.

• Направете план за истражувањето. Не заборавајте да ги испланирате и материјалите кои ќе ви бидат потребни за истражувањето.

• Размислете од кои извори можете да дознаете и соберете што повеќе информации. Во тоа можат да ви помогнат наставниците по историја, повозрасните жители на општината, градоначалникот/градоначалничката и вработените во општината, кустоси на музеи, информации добиени од интернет, уметници итн.

• Испланирајте кои прашања ќе ги поставувате при спроведување на интервју или анкета на луѓето кои ќе ги интервјуирате или анкетирате.

• Водете дневник на активности.

• На крајот на истражувањето сумирајте ги добиените информации и направете презентација, видеозапис или претставете го вашето истражување преку брошура. Се разбира, резултатот од вашиот труд претставете го пред локалната заедница, училиштето и жителите на вашата општина.




Археолошки локалитет Стоби, Градско


Самоилова тврдина - Охрид

**Проверувам колку научив**

1. Во мојата општина ги има следните културно-историски наследства:

______________________________________________

2. Кој празник од друга етничка заедница знаеш како се прославува?

______________________________________________

3. Досега ги имам посетено следните културно-историски објекти/локалитети:

______________________________________________

______________________________________________

4. Зошто треба да се грижиме за културно-историското наследство?

______________________________________________

______________________________________________

# СЕ ОРИЕНТИРАМ НА ГЕОГРАФСКАТА КАРТА



Леон, Виолета и Зејне се планинари. Тие честопати одат на планинарење низ целата држава. Ги посетуваат планините, но понекогаш сакаат да ги запознаат и другите места во Република Северна Македонија. Неизоставен дел од нивната опрема освен планинарскиот ранец, се и географската карта и компасот.

**Размисли:** Зошто на Леон, Виолета и Зејне им се потребни географската карта и компасот при нивното планинарење?






Постојат повеќе видови карти. Некои од нив се:



– Географска карта, која е намалена и воопштена слика на целата земјина површина или некој нејзин дел прикажан на рамна површина.




– Хидрографска карта на која се прикажани водените површини на некој крај или цела држава.



– Ортографска карта на која се прикажани планините на некој крај или целата држава.




– Патни карти на кои се прикажани патната и железничката мрежа.



– Релјефна карта на која е прикажан релјефот на земјината површина.

**ЗАДАЧА**

Веќе знаеш какви видови карти постојат.

Какви карти ќе им бидат потребни на Леон, Анета и Зејне при планинарењето?



Веќе знаеш дека главни страни на светот се: исток, запад, север и југ. Освен главните страни, има и споредни страни кои ни помагаат полесно да се ориентираме. Тоа се:

Североисток - СИ

Северозапад - СЗ

Југоисток - ЈИ

Југозапад - ЈЗ



Секоја географска карта има свои елементи. Тоа се ***име*** на државата или територијата која е прикажана на географската карта, ***размер*** и ***леѓенда***.

Потсети се на наученото од часовите по природни науки:

- Што прикажува размерот на географската карта?
- Што прикажува релјефот?
- Со помош на што е прикажан релјефот на географската карта?

**Легендата** на географската карта ни ги покажува симболите со кои се обележани географските објекти на картата. Легендата на географската карта содржи картографски знаци, картографски бои и други елементи во зависност од тоа за што е наменета картата.

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- На географската карта одреди кој град е најблиску до твоето место на живеење. На која главна или споредна страна на светот се наоѓа тој град?
- Што прикажува легендата на географската карта? Обиди се да ја прочиташ.



**ЗАДАЧА**

Пронајди го твоето место на живеење (град, село, населба) на *GoogleMap, GoogleEarth* или на географската карта. Одреди во кој дел од нашата држава се наоѓа.

**Проверувам колку научив**

1. Кои елементи ги содржи географската карта?
   а) име на државата или областа која е прикажана, легенда, размер
   б) само водните површини на државата
   в) легенда и размер

2. На „немата“ карта запиши ги главните и споредните страни на светот.




3. Зошто е потребно да ги знаеме страните на светот при читање на географската карта?

______________________________________________

______________________________________________

# КАРТОГРАФСКИ ЗНАЦИ



Леон, Виолета и Зејне планираат да ја посетат планината Баба. Сакаат да се искачат на највисокиот врв на планината. Леон ја отвори географската карта и започна да ја бара планината. Покажа со прстот на едно место во близината на градот Битола.

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

Како знаеше Леон каде да ја најде планината Баба на географската карта?

За полесно да ја читаме географската карта, потребно е да ги познаваме и разликуваме картографските знаци кои се дадени во легендата на географската карта.

Секој знак од легендата претставува графички симбол кој означува некој елемент на земјината површина. Овие знаци се стандардизирани, што значи дека се користат и се разбирливи на меѓународно ниво.



**ЗАДАЧА**

Поврзи ги соодветните слики со картографските знаци.



а.

1.





б.

2.





в.

3.





г.

4.





д.

5.



**ЗАДАЧА**

• Пронајди ја планината Баба која Леон ја бараше на географската карта. Откриј како се вика и колку е висок врвот на кој сакаа да се искачат Леон, Виолета и Зејне.

• Пронајди го твоето место на живеење на картата на Република Северна Македонија. Откриј кои картографски знаци ги има во неговата околина и именувај ги.

• Според картографскиот знак приближно одреди колку жители има твоето место на живеење.

• На немата карта обележи го твоето место на живеење со картографски знаци.



**Проверувам колку научив**

1. Што содржи легендата на географската карта?

2. Запиши под секој картографски знак што означува.







3. Наброј ги објектите кои ги откри во околината на твоето место на живеење според картографските знаци:

# НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Искачувајќи се на врвот Пелистер на Баба Планина, Леон, Виолета и Зејне се воодушевуваа на природата. Тие беа воодушевени од глетката. Пред нив се распростреа планини, ридови, а таму некаде далеку беа и рамнините.

– Колку убава глетка – рече Зејне. Мислам дека таму во рамнината гледам некое населено место.

– Да, сигурно е Битола – одговори Леон.

– Според големината мислам дека е град, но има и помали населени места – рече Зејне.

– Мислам дека треба да погледнеме на картата и да откриеме какво населено место е тоа што го гледаме, дали е село или град. Впрочем, картографските знаци за село и град ги знаеме, па лесно ќе ни биде да откриеме – рече Виолета.



**Потсети се:** Кои се картографски знаци за село и град?

**ОТКРИЈ**

На географската карта, според картографските знаци пронајди ги населените места кои ги видоа Леон, Зејне и Виолета околу Баба Планина.

Населените места ги препознаваме како ***градови*** (големи населени места) и ***села*** (помали населени места). Постојат и населби кои се делови од градот. Поголем град е составен од повеќе населби.

Во нашата држава официјално има 34 града и 1645 села.




Карта на градовите во Република Северна Македонија

Според местото каде што се граделе, населените места може да бидат: рамничарски, ридски, планински и ридско-планински. Во Република Северна Македонија има различни видови на села и градови. Понекогаш и градовите зафаќаат дел од некој рид или планина и дел од рамнината. Поголеми градови во нашата држава се: Скопје, Битола, Куманово, Прилеп и Тетово.

**ЗАДАЧА**

Размисли и напиши на кој вид село/град припаѓаат прикажаните населени места според местото каде што се градени.



село Галичник



Куманово



Тетово



Крушево



Скопје



Прилеп

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- На географската карта или на интернет откриј на која надморска висина се наоѓа твоето место на живеење. Според надморската висина одреди дали твоето село/твојот град се наоѓа на рамница, рид или планина.
- На географската карта пронајди ги поголемите градови. Со кои картографски знаци се обележани? Прочитај во легендата на географската карта и откриј колкав е приближниот број на жители во тие градови, а колкав е приближниот број на жители во градот/селото во кое живееш.
- Кои населени места ги забележа на географската карта кои се најблиску до твоето место на живеење? Запиши ги нивните имиња и дали се град или село?

**Проверувам колку научив**

1. За кои населени места велиме дека се градови, за кои села, а за кои населби?

______________________________________________

______________________________________________

2. Сите градови се градени на рамници:

ДА НЕ

3. Запиши ги градовите кои си ги посетил. За секој град што си го посетил, напиши нешто по што го препознаваш.

| Град | Го препознавам по: |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |

# ПРЕД КАРТАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зејне, Леон и Виолета се воодушевуваа на прекрасната глетка од Пелистер, највисокиот врв на Баба Планина.

– Би сакала да посетам и други места во нашата земја, да дознаам дали и таму е толку убаво како овде – рече Зејне. – Еве, ве поканувам кај мене. Живеам во град во подножјето на Шар Планина. Можете да дојдете преку зима додека е зимската туристичка сезона. А преку лето можеме да го посетиме и мојот брат Сафет кој живее во близина на изворот на реката Вардар.

– А потоа и кај мене – рече Леон. Ќе ве однесам до највисокиот водопад во нашата земја и пошироко.

– А јас ве поканувам да го посетиме најмалото од трите природни котлински езера во Република Северна Македонија, па можеме да ја посетиме и Пониква – рече Виолета.

Да откриеме од кои места доаѓаат Зејне, Леон, Виолета и Сафет и кои места ќе ги посетат.



Нашата држава изобилува со планини, полиња, реки и езера. Таквото природно богатство придонесува таа да биде место во кое се развиваат стопанските дејности.

## ПЛАНИНИ

Во Република Северна Македонија вкупно може да се издвојат околу 40 планини, од кои најголем дел се ниски и средно високи, а помалку се застапени високите планини (над 2000 м). Високи планини се: Кораб, Шар Планина, Баба Планина, Јакупица, Ниџе, Осоговски Планини и др. Во западниот дел на нашата држава планините се повисоки во однос на планините од источниот и средишниот дел на нашата земја.



**Кораб** се наоѓа во западниот дел на нашата земја, на граница со Република Албанија. На неа се наоѓа највисокиот врв во нашата земја Голем Кораб (2764 м), дел од планината припаѓа на националниот парк „Маврово“. Планината изобилува со помали реки и потоци кои се слеваат во реките Радика и Црн Дрим. На неа се наоѓа и највисокиот водопад на Балканот, Корапскиот Водопад (130 м)





**Шар Планина** се наоѓа во северозападниот дел од нашата земја на границата со Република Косово и Република Албанија. За името на Шар Планина постојат различни приказни од различни автори. Највисок врв на Шар Планина е Титов Врв (2748 м). Од јуни 2021 Шар Планина е прогласена за национален парк. На планината има 27 помали природни езерца кои се познати како Шарски Очи.

На Шар Планина се наоѓа зимскиот туристички центар Попова Шапка, односно Kodra e diellit (Сончева Долина).



**Баба Планина** се наоѓа во југозападниот дел на нашата земја, западно од градот Битола. На неа се наоѓа врвот Пелистер (2601 м). Еден нејзин дел е прогласен за национален парк „Пелистер". На планината се наоѓаат и две езерца кои се нарекуваат Пелистерски Очи. Позната е и по петигличестиот бор молика, кој е многу редок вид во светот.

> Дознај повеќе за Пелистер
> www.park-pelister.com.



**Јакупица** се наоѓа во централниот дел на Република Северна Македонија. На неа се наоѓа врвот Солунска Глава (2540 м). Планината изобилува со голем број чисти и брзи планински реки.



**Нице** се наоѓа на јужниот дел од нашата земја. На неа се наоѓа врвот Кајмакчалан (2521 м). Изобилува со шуми, пасишта и дивеч. Карактеристично за оваа планина е што има форма на бумеранг.



**Осоговски Планини** се наоѓаат во источниот дел на Република Северна Македонија. Највисок врв е Руен (2252 м). Богата е со пасишта и разни видови на растенија. Градови кои се најблиску до нив, се Крива Паланка и Кочани. На неа се наоѓа туристичкиот центар Пониква.

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Каде живее Зејне?
- Зошто ги поканува своите другари да ја посетат преку зима?
- Откриј како се вика зимскиот туристички центар на Шар Планина.
- Каде ги покани Леон своите другарки?

**ЗАДАЧА**

На немата карта на Република Северна Македонија запиши ги планините за кои учеше:





Планина Галичица



**Проверувам колку научив**

1. Сите планини во Република Северна Македонија се од типот високи планини:

ДА НЕ

2. Врвот Солунска Глава се наоѓа на планината:
   а) Шар Планина
   б) Јакупица
   в) Осоговски Планини

3. Баба Планина е позната по

______________________________

## РЕКИ И ЕЗЕРА

Република Северна Македонија изобилува со реки, природни и вештачки езера. Водите претставуват многу значаен природен фактор за животот на луѓето, за развојот на животинскиот и растителниот свет, како и за развојот на земјоделието.

Реките во нашата земја, човекот ги користи за: изградба на хидроцентрали, наводнување на земјоделските површини, развој на туризам, рекреација, спорт и риболов.

**ЗАДАЧА**

На картата воочи ја најдолгата река во Република Северна Македонија и кажи како се вика.





**Вардар** е најдолгата река во Република Северна Македонија (388 км). Извира во селото Вруток кај Гостивар, а се влева во Егејското Море во Република Грција. По своето течение поминува низ Гостивар, Скопје и Велес.



**Радика** е притока на Црн Дрим и е една од најчистите реки во нашата земја. Извира на северозапад од врвот Голема Враца на Шар Планина. Тече низ реканскиот крај (кај Дебар) преку живописни места. Позната е по радичката пастрмка која живее само во чисти води.



**Црн Дрим** извира од Свети Наум кај Охридското Езеро, поминува низ Охридското Езеро и излегува од него кај градот Струга. Ја напушта нашата земја кај градот Дебар, поминува низ Република Албанија и се влева во Јадранското Море. Во водите на Црн Дрим живеат најразлични видови на риби, како на пример: крапот и кленот.

**ЗАДАЧА**

На немата карта запиши ги имињата на реките за кои учеше и оние кои се наоѓаат во твоето место на живеење.



**Интересни податоци:**

• Тековите на реките Вардар, Црна Река, Треска и Брегалница се подолги од 100 км.
• Охридската јагула се движи преку реката Црн Дрим до Охридското Езеро за да се мрести. Нејзиниот пат до местото на мрестење е прекинат поради изградба на две хидроцентрали од страната на нашата земја и четири хидроцентрали од страната на Република Албанија.
• Силните извори се нарекуваат врутоци. Најсилен извор во нашата земја е врутокот Острово, кај манастирот Св. Наум, на Охридското Езеро.
• Постојат и минерални извори кои се лековити и со таа цел на нив се изградени лековити бањи.

Во Република Северна Македонија постојат голем број природни езера од кои поголемиот дел се планински и помали, кои настанале по природен пат. Трите најголеми котлински природни езера се: Охридско, Преспанско и Дојранско Езеро. Освен природните, постојат и вештачки езера кои човекот ги создал со поставување на брани на реките со цел производство на електрична енергија, наводнување, развој на туризам и риболов. Поголеми вештачки езера се: Мавровско Езеро, Козјак, Дебарско Езеро, Тиквешко Езеро, Калиманци, Липковско Езеро и др.



**Охридското Езеро** го делат Република Северна Македонија и Република Албанија и е наголемо природно езеро во нашата земја, а најстаро во Европа. Поради големиот број археолошки наоѓалишта, богатата историја и култура и природната убавина, ставено е под заштита на УНЕСКО и е прогласено за светско културно наследство. Познато е по охридската пастрмка, охридската белвица и чистата вода која дава проѕирност дури до 22 м длабочина.



**Преспанското Езеро** е природно езеро и го делат три држави: Република Северна Македонија, Република Албанија и Република Грција. На него се наоѓаат единствените езерски острови во нашата земја, Голем Град и Мал Град, кои се заштитени од државата поради нивното културно-историско значење, но и поради посебните видови на растителен и животински свет.



**Дојранското Езеро** се наоѓа во југоисточниот дел на нашата земја и е најмалото природно котлинско езеро. Опкружено е со појас на трска и е богато со водни растенија. Познато е по традиционалниот начин на ловење риби со помош на корморани во огради од трска, т.н. мандри.

**ЗАДАЧА**

Разгледај ја географската карта на Република Северна Македонија. Пронајди ги природните и вештачките езера, а потоа запиши ги нивните имиња на немата карта.



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- За што се користат водите во нашата земја?
- Зошто е прекинат патот на мрестење на јагулите?
- По што е познато Преспанското Езеро?
- Пронајди податоци за длабочината на трите природни котлински езера во нашата држава.
- Кои природни планински езера ги знаеш?

**АКТИВНОСТ**

Претпостави дека си туристички водич кој треба да му претстави на некој странец една река и едно езеро во Република Северна Македонија. Направи плакат на кој ќе ги претставиш и опишеш. Можеш да ги претставиш и во вид на презентација. Искористи повеќе извори преку кои подетално ќе можеш да го запознаеш странецот со убавините на водите во нашата држава.

**Проверувам колку научив**

1. **Во** Република Северна Македонија **постојат** ______________________ __________ **и** ____________________________ **езера.**

2. **Низ кои градови поминува реката Вардар?**

______________________________________________________

3. **Реката Вардар извира од местото:**
   а) Пониква
   б) Вруток
   в) Гостивар

4. **Зошто е заштитено Охридското Езеро од страна на УНЕСКО?**

______________________________________________________

## КОТЛИНИ

**ЗАДАЧА**

На географската карта со помош на картографските бои најди ги рамнините во Република Северна Македонија и именувај ги.

Котлина е рамна површина која е опкружена со планини. Поради плодната почва со која се карактеризираат котлините и изобилството на реки, на нив е развиено земјоделието.



**Пелагонија** се наоѓа во југозападниот дел на нашата држава и е најголемата котлина во неа. Тука се произведуваат: јаболка, сончоглед, шеќерна репка, но најмногу жито. Затоа и се нарекува „житница“ на Република Северна Македонија.



Сончоглед



Пченица



Шеќерна репка



Јаболка



**Овче Поле** се наоѓа од левата страна на Вардар. Најголемо населено место во областа е градот Свети Николе. Се произведуваат житни култури и е најголем производител на сончоглед во нашата земја.



**Полошката Котлина (Полог)** се наоѓа во северозападниот дел на нашата земја и е една од најразвиените земјоделски области во неа. Најмногу се произведува: грав, пченка, пченица, зелка, кромид, пиперки и домати.



Грав



Зелка



**Скопската Котлина** се наоѓа во северниот дел на нашата држава и е богата со раноградинарски производи кои се одгледуваат во пластеници.



**Струмичката Котлина** се наоѓа во југоисточниот дел и се карактеризира со богата и плодна почва. Развиено е производството на раноградинарски култури, разни видови овошје и зеленчук поради изградениот систем за наводнување.



**Тиквешката Котлина** се наоѓа во централно-јужниот дел на нашата држава и е позната по производството на грозје.



Берба на грозје





**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Каде треба да одиш ако сакаш да купиш поголема количина грозје?
- Кои градови се наоѓаат во Полошката Котлина?
- Во која котлина или покрај која котлина се наоѓа твоето место на живеење?

**ЗАДАЧА**

На немата карта обележи ги котлините
со жолта боја, а потоа именувај ги.



**Проверувам колку научив**

1. „Житница“ на Република Северна Македонија е:
   а) Полошката Котлина
   б) Струмичката Котлина
   в) Пелагонија

2. Зошто најмногу се развива земјоделието во котлините?

_______________________________________________

3. Најблиска котлина до моето место на живеење е ______________
_______________________________ и таа е позната по ___________
_______________________________________________.

# МЕСТОПОЛОЖБА НА МОЕТО МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ

Зејне, Леон и Виолета се договорија да се посетат меѓусебно во текот на летото и зимата.

Сигурно досега откри дека планираат да ги посетат: градот Тетово, местото Вруток, планината Кораб и Корапскиот Водопад, Дојранското Езеро и Осоговските Планини.

**ЗАДАЧА**

Пронајдете ги местата кои ги посетиле Зејне, Леон и Виолета на географската карта.

Поделете се во групи и секоја од групите нека одбере едно од тие места. Напишете сѐ што знаете за нив, а потоа секоја група нека прочита што напишала. Обидете се да ги обележите спомнатите места на „немата“ географска карта.



**ЗАДАЧА**

Пронајди го твоето место на живеење на географската карта, обележи каде се наоѓа на немата карта и пополни ги исказите:

# СРЕДИНАТА ВО КОЈА ЖИВЕАМ

Моето место на живеење е ________________________________
Најблизок град до него е__________________________________
Најблиско село е_______________________________________
Најблиска река до него е_________________________________/
реката __________________________ минува низ него.
Најблиско езеро е _____________________________________
Се наоѓа во_____________________ котлина/најблиска котлина е
__________________________________
Најблиската планина/планини е ______________________________/
се наоѓа на планината_____________________________________



**АКТИВНОСТ**

Напиши писмо до непознато другарче во кое ќе се обидеш да ја опишеш местоположбата на твоето место на живеење.



# СТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ

Јонуз и Јасмина живеат во село. Нивната другарка Елвира живее во град. Учат во исто училиште и исто одделение.

Еден ден имаа за задача да опишат со што се занимаваат нивните родители.

Еве што напиша Јасмина:

„Бидејќи е пролет, мојот татко почна да ја сади градината со пиперки и домати. Исто така, посади и зелка. Во тоа му помагаше мојот постар брат. Зеленчукот го одгледуваме затоа што цело лето ќе имаме свежи пиперки и домати, а наесен ќе продаваме зелка. Мојата мајка работи како продавачка на пазарот и ги продава производите кои ги произведуваме.“

Јонуз напиша:

„Мојата мајка знае многу убаво да везе. Таа везе народни носии кои се продаваат низ целиот свет. Мојот татко работи на нашата фарма и одгледува крави и телиња. Произведува млеко и млечни производи кои ги откупува една фирма.“

А Елвира напиша:

„Мојот татко работи во фабрика за автомобилски делови. Мора да биде многу внимателен да не направи грешка, затоа што тоа се делови за автомобили и од нив зависи безбедноста на возачите. Мојата мајка работи како инженер во градежна фирма. Фирмата гради згради, куќи, болници, фабрики...“

**РАЗМИСЛИ**

Што е заедничко за трите семејства?







Семејствата на тројцата другари произведуваат или учествуваат во произведување на нешто. Тие се занимаваат со **стопански дејности**.

Тоа се дејности што учествуваат во создавање материјални добра. Тоа значи дека стопанските дејности имаат за цел да се произведе нешто, да се размени, да се продаде и да се потроши.

Стопанството е движечка сила на една држава. Колку стопанството е поразвиено, толку таа држава е економски посилна.

**ЗАДАЧА**

Разгледај ги имињата на стопанските дејности и размисли со која стопанска дејност се занимаваат родителите на тројцата другари.



**ЗАДАЧА**

На празните линии напиши со што се занимаваат родителите на тројцата другари.

**Јасмина:**
Мајка ____________________
Татко ____________________

**Јонуз:**
Мајка ____________________
Татко ____________________

**Елвира:**
Мајка ____________________
Татко ____________________



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Што подразбираш под поимот земјоделство?
- Како се поврзани индустријата и трговијата?
- Од што зависи дали ќе се развива туризмот во некоја земја?
- Која стопанска дејност е развиена во твојата општина?
- Која стопанска гранка воопшто не е развиена во твојата општина и објасни зошто е тоа така.



Сите стопански дејности се поврзани меѓу себе и зависат една од друга. Разгледај го дадениот пример, а потоа напиши и ти еден пример во кој ќе ја опишеш поврзаноста на стопанските дејности.






**АКТИВНОСТ**

Седнете во круг. Секој од вас нека извлече по едно ливче на кое има напишано назив на една стопанска дејност, но не смеете да го видите називот. Другарчето до тебе ќе го залепи ливчето на твоето чело. Почни да поставуваш прашања на твоите другарчиња за да откриеш која стопанска дејност е запишана на твоето ливче. Победник е оној кој со најмал број прашања ќе ја погоди стопанската дејност.







**Проверувам колку научив**

1. Стопанската гранка која се занимава со преработка на метал, дрво, кожа, текстил и сл. се вика:
   а) земјоделство
   б) туризам
   в) индустрија

2. Во која стопанска дејност припаѓа продажбата на мебел?

______________________________________________

3. Мерита отиде да купи јогурт во продавница. Кои стопански гранки се вклучени од почетокот на добивањето јогурт сѐ до неговата продажба?

______________________________________________

## ПОВРЗАНОСТ НА СТОПАНСТВОТО СО ПРИРОДНИТЕ ОДЛИКИ НА ЗЕМЈАТА

Откако ги прочитаа своите состави Јасмина, Елвира и Јонуз, нивната другарка Мери ги праша Јасмина и Елвира:

– Што е потребно за да се одгледува зеленчук, а што е потребно да се произведуваат автомобилски делови?

Помогни им на Јасмина и Елвира да објаснат: Кои услови и ресурси му се потребни на земјоделецот за да може да произведува земјоделски производи, а кои на фабриката да произведува автомобилски делови?





**Потсети се:**
- Зошто во котлините е развиено земјоделието?
- Како се поврзани рударството и индустријата?

**За да може некоја земја да се развива, треба да има развиено стопанство. Развојот на стопанството зависи од природните одлики на таа земја. Под природни одлики се подразбираат: релјефот, климата и природните ресурси.**



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Како влијае релјефот врз развојот на стопанството?
- Која стопанска гранка може да се развива на планините?
- Која стопанска гранка може да се развива покрај езерата?
- Дали истите стопански гранки може да се развиваат без разлика дали се на планински предел или на рамничарски предел?
- Каков е релјефот во Република Северна Македонија?

## РЕЛЈЕФ



Релјефот во Република Северна Македонија овозможува да се развијат стопанските гранки кои се поврзани со шумарството, сточарството, туризмот.

Шумите зафаќаат 39 % од територијата на нашата држава. Најзастапени се во западните делови на Република Северна Македонија и тоа најмногу ги има дабот и буката. Дрвата имаат широка примена во градежништвото, дрвната и хемиската индустрија. Загрижува фактот дека шумите сѐ повеќе се намалуваат поради сечата и користењето на дрвото како суровина за огрев.



Луѓето кои живеат во планинските предели на нашата татковина, најмногу се занимаваат со сточарство. Тоа е важна земјоделска гранка преку која се обезбедуваат: месо, млеко и волна.



На планините се развиваат и угостителството и туризмот, така што луѓето имаат можност да уживаат во убавините на планините и да се занимаваат со спорт и рекреација (скијање, планинарство, параглајдерство и сл.). Попознати планински туристички места се: Попова Шапка на Шар Планина, Маврово на планината Бистра, Копанки на Баба Планина, Крушево на Бушева Планина итн.

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Која од наведените стопански гранки, карактеристична во планинските предели, ја има во твоето место на живеење?

Котлините и полињата во Република Северна Македонија поради плодната почва, добрата водоснабденост и поволната клима, овозможуваат производство на: овошје, зеленчук, житни култури и грозје. Во пределите со водни површини (реки и езера) се развиваат туризмот и угостителството. Најпознати туристички места се: Охрид, Свети Наум, Струга, Дојран, Преспанско Езеро, Матка итн.

Нашата земја е богата со руди што значи има услови за развој на рударството и искористување на рудите во тешката индустрија, но и користење на рудата јаглен како извор на енергија. Во рудниците на територијата на нашата земја се црпат: бакарна руда и злато, олово и цинк, јаглен, мермер.



**ОТКРИЈ**

Во кои стопански гранки се користи јагленот како извор на енергија?



Каменолом за вадење мермер во Прилеп

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Која од наведените стопански гранки карактеристична во рамничарските предели ја има во твоето место на живеење?

## КЛИМА

Од климата зависи водоснабденоста на реките и богатството на растителниот и животинскиот свет што е тесно поврзано со развојот на стопанството, пред сѐ земјоделството и сите негови подгранки, индустријата (особено прехранбената, дрвната и текстилната), шумарството, сообраќајот, туризмот.

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Како може да влијае климата врз развојот на стопанството?
- Како влијаат сушните периоди врз сточарството и полјоделството?

**ОТКРИЈ**

Кои стопански гранки не зависат од климата?

**АКТИВНОСТ**

### „Венов дијаграм“

Запишете две стопански дејности. Преку „Бура на идеи“ откријте кои фактори се важни за развојот на дејностите кои ги одбравте. Запишувајте ги во Веновиот дијаграм. Запишете ги заедничките фактори во пресекот на множествата. Дискутирајте дали постојат стопански дејности кои немаат заеднички фактори за развој.



### Проверувам колку научив

1. Кои стопански гранки се заеднички на планинските и рамничарските предели?

________________________________________

2. Кои стопански гранки се најразвиени во планинските предели?

________________________________________

3. Објасни како количеството на врнежи влијае врз полјоделието.

________________________________________

________________________________________

# ОДГОВОРНО КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ



Баба Олгица и внукот Петар се возеа на југот на Република Северна Македонија. Во близина на градот Богданци Петар забележа нешто чудно.

– Погледни, бабо, на ридот има пропелери – возбудено рече.

– Не се пропелери, туку тоа се ветерници. Од нив се добива електрична енергија – одговори баба му.

– А зошто се изградени?

– Изградени се затоа што луѓето се обидуваат да користат извори на енергија кои нема да се потрошат и не ја загадуваат животната средина. Во овој случај тоа се ветерниците кои го користат ветрот. Ветрот е едно од природните богатства со кои располага некоја земја – одговори баба му.

– На кој друг начин можеме да ги зачуваме природните богатства? – љубопитно праша Петар.

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Како треба да се однесува човекот кон природата?



Изгледај го документарниот филм „Медена земја“ и размисли:

Што значат зборовите на главната хероина во филмот, Атиџе: „Пола за мене, пола за пчелите.“

Што би се случило ако Атиџе го собере целиот мед од пчелите?

Сѐ што користи човекот во секојдневието, доаѓа од природата. Тој ги користи водата, воздухот, почвата, растенијата, животните за да живее. Брзиот развој на човештвото придонесува за сѐ поголемо искористување на природните ресурси. Неконтролираното и прекумерното користење на природните ресурси ја нарушуваат рамнотежата на биолошкиот свет, но и предизвикуваат послаб развој на стопанството во некоја област, држава и пошироко.

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Што е тоа рамнотежа на биолошкиот свет?
- Зошто неконтролираното искористување на природните ресурси може да доведе до послаб развој на стопанството?

Природните ресурси се важни за живиот свет: човекот, животните и растенијата. Затоа, одговорното користење на ресурсите е многу важно за нивниот опстанок. Што значи *одговорно користење*? Одговорно користење е кога секој човек и секоја држава ги штеди природните ресурси и користи различни начини на добивање енергија кои ќе користат обновливи природни ресурси.

**ЗАДАЧА 1**

Водата е ресурс без кој нема да постои живот на нашата планета. Од неа зависат растенијата, животните и човекот. Одговори на следните прашања:

- Што ќе се случи ако не ја штедиме водата?
- Што се случува кога ги загадуваме реките, морињата и океаните?

• Запиши ги сите негативни последици за животните, растенијата и човекот ако:

не се штеди водата:

---

се загадат водите:

---

- На кој начин можеш да придонесеш за штедење на водата и одржување на водата да е чиста?
- На кој начин може да ја штедат и одржуваат водата чиста луѓето кои се занимаваат со индустријата, општината и другите граѓани на општината?





**ЗАДАЧА 2**

Електричната енергија ни е потребна во секојдневниот живот. Ја користиме во: нашиот дом, фабриките, болниците, работилниците, училиштата... Природните ресурси, како јагленот, нафтата и природниот гас, се согоруваат во електраните за да создадат електрична енергија. Нивното согорување го загадува воздухот. Одговори на прашањата:

• Како влијае загадениот воздух врз човекот, растенијата и животните?
• Што е потребно да направиме за да не се трошат природните ресурси за производство на електрична енергија?
• На кој начин може да ја штедиме електричната енергија?
• На кој начин може да придонесат другите жители во општината, луѓето кои се занимаваат со стопанство и општината?



За да се избегне прекумерното трошење на природните ресурси, како што се јагленот и нафтата и да се избегне прекумерното загадување на животната средина, човекот се стреми да изнајде нови извори на енергија. Таквите извори ги пронаоѓа во обновливите извори на енергија, како што се: сонцето, ветрот, водата, геотермалната енергија и биомасата. Така сè повеќе се користи сончевата енергија преку поставување на сончеви колектори. Се искористува ветрот за работа на ветерниците кои произведуваат електрична енергија. Водата се користи за производство на електрична енергија во хидроцентралите, а топлата вода од длабочините на Земјата (геотермална енергија) се користи исто така за производство на електрична енергија или за затоплување на домовите. Исто така, за производство на електрична енергија се користи биодизелот кој се добива од биомаса.



**ЗАДАЧА 3**

Шумите се богатство на нашата планета што треба да го чуваме. Во нив живее разновиден животински и растителен свет. Освен што ни даваат чист воздух, дрвата го штитат речното корито од излевање, но и земјиштето од лизгање. Човекот ги користи дрвата за производство на мебел, хартија, огрев и градежништво. Но човекот не ги сече шумите само поради овие потреби, туку и за обезбедување земјиште за градење. Сето тоа придонесува до намалување на шумските површини.

**Одговори на прашањата:**

• Што се случува со животинскиот и растителниот свет од шумите при нивно неконтролирано сечење?
• Што се случува со воздухот?
• На кој начин можеш да придонесеш да се намали сечењето на шумите?
• На кој начин може да придонесат другите граѓани?

За да се избегне користењето на дрвото како огрев, се користат други извори на топлина, како што се: пелетите, геотермалните извори, сончевите колектори. Тоа се извори на енергија кои потекнуваат од обновливи природни ресурси. Исто така, хартијата која е искористена, може да се рециклира и повторно да се употреби. Твојата улога во зачувувањето на шумите, можеш да ја изразиш и преку засадување дрвца.



**АКТИВНОСТ**

Дискутирајте со другарчињата како можат и другите природни ресурси одговорно да се користат. Преку „Бура на идеи“ искажете што повеќе предлози како да се зачува животната средина и како одговорно да се користат природните ресурси. Запишете ги идеите на мали постери кои ќе ги поставите во училиштето и училишниот двор.

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Со кои природни ресурси располага твојата општина?
- Како ги искористува тие природни ресурси?
- На кој начин природните ресурси во твојата општина придонесуваат да се развива стопанството во неа?



**Проверувам колку научив**

1. Опстанокот на човекот зависи од ________________________________

2. Напиши еден начин за одговорно користење на водата.

________________________________________________

3. Напиши еден начин за користење на енергија од природен обновлив ресурс.

________________________________________________

# ЕКОЛОГИЈА



Мерсиха се врати радосна од училиште. Денес имаа активности кои, како што им рече наставникот, ќе придонесат за зачувување на животната средина. Нејзината помала сестра Лејла ја праша какви се тие активности.

– Денес учевме за екологија и направивме плакат на кој напишавме како треба да се однесуваме кога сме во природа. Го поставивме во блискиот парк. Се надевам дека посетителите ќе се придржуваат до упатствата – рече Мерсиха.

– Што е тоа екологија? – праша Лејла.

– Екологија е наука за односите меѓу живите организми и нивниот однос со средината – одговори Мерсиха.

– Значи вие на училиште истражувавте како се однесуваат животните, растенијата и човекот едни кон други?

– Да, и како треба да се однесуваме кон животната средина – дополни Мерсиха.

– А како треба да се однесуваме кон животната средина? – праша Лејла.

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Зошто ни е важна екологијата?
- Како треба да се однесуваме кон животната средина?

# СРЕДИНАТА ВО КОЈА ЖИВЕАМ

Ние, луѓето, ја делиме планетата Земја со уште голем број живи организми. Тоа ни го скратува правото да ја уништуваме природата. Со неодговорното однесување кон природата, го уништуваме домот и на другите живи организми. Секој од нас треба да ја преземе одговорноста за зачувување на природата, за неа да ја користат уште многу генерации. Имаме право на чиста животна средина, но што е со нашите должности кон неа?

Разгледај ги фотографиите, размисли и одговори!



Напуштен рудник



Диви депонии

Во дадените примери природата е загадена и нарушена е биолошката рамнотежа. Почвата која е загадена со хемикалии и тешки метали од напуштениот рудник, веќе не може да се обработува, а тешките метали навлегоа длабоко во почвата и ги загадија подземните води. Тие води ќе бидат загадени и преполни со штетни материи. Во нив нема да може да живее растителниот и животинскиот свет, а ќе бидат штетни и за човекот.

Дивите депонии ги загадуваат почвата и воздухот, загадениот воздух штетно делува врз здравјето на луѓето, животните и растенијата. Отпадот кој се наоѓа во нив, нема да се разгради и уште многу години ќе ги загадува почвата, воздухот и водата.

- Кој ја загадува природата?
- Зошто го прави тоа?

Ова се само неколку примери како човекот ја загадува и уништува природата.

Обиди се да напишеш уште примери во кои ќе се види штетното влијание на човекот врз неа:

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Некои начини на кои можеш да придонесеш за подигнувањето на еколошката свест кај другите и да учествуваш во одржувањето на здрава животна средина, се и:

– селектирање и рециклирање на отпадот;

– садење дрвца кои ќе бидат дел од растителниот свет кој го прочистува воздухот;

– вклучување во еколошки акции.

- На кои други начини можеш да придонесеш за зачувување на здравата животна средина?

**Интересни факти**



Реката Ситарум, Индонезија, е околу илјадапати позагадена отколку вообичаената вода за пиење и содржи големи количини отровни материи во неа. Околу 2000 фабрики ја користат реката како извор на вода и го фрлаат својот индустриски отпад во неа.



Еколошката катастрофа која трае до денес е предизвикана од хаварија на нуклеарната централа Чернобил во 1986 г. Во радиус на 30 км околу централата почвата е загадена и никој не живее тука.





**Проверувам колку научив**

1. Екологијата се занимава со:
   а) односите меѓу живите организми и нивниот однос со средината
   б) обезбедување природни ресурси
   в) одгледување растенија

2. На кој начин можеш да придонесеш за зачувување на здравата животна средина?

________________________________________

________________________________________

3. Кој е најголемиот загадувач на природата?

________________________________________

# СЕЛЕКТИРАЊЕ И РЕЦИКЛИРАЊЕ ОТПАД

Лејла, сестрата на Мерсиха, реши да ѝ помогне во нејзиниот напор за зачувување на природата и животната средина. Секогаш кога одеше на излет, со себе понесуваше хартиен прибор за јадење спакуван во платнена кеса. Не се согласуваше со нејзините другари кои употребуваа пластични чаши и чинии. Не се согласуваше со нив и кога сиот отпад кој го правеа за време на излетот, го оставаа расфрлан низ природата. Таа го собираше во посебни кеси и на враќање кон дома ги селектираше во посебни контејнери.



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Зошто Лејла користи хартиен прибор?
- Зошто Лејла го собира отпадот и го фрла во посебени контејнери?

Селекцијата и рециклирањето на отпадот е вкоренета навика на луѓето во развиените општества. На тој начин многу мали количини отпад завршуваат на депонија, се штити животната средина и се заштедуваат многу ресурси. Пластиката, стаклото, хартијата, лименките, металот и органскиот отпад се најважните алки во синџирот на рециклирањето и повторната употреба.

Објаснување: Повторно да се употреби значи одново да се искористи некој предмет откако веќе претходно бил искористен. Повторна употреба и рециклирање не е исто.

Селектирање е кога секој вид на отпад се издвојува и се носи во посебни контејнери наменети за соодветниот вид отпад од пластика, хартија, стакло, метал, органски отпад. Вака селектираниот отпад се носи во фабрики, каде што се рециклира. Ова е првиот чекор за заштита на нашата планета од загадување.



Секој од овие видови отпад може повторно да се употреби ако се рециклира. Тоа значи дека отпадот се носи во фабрика, каде што повторно се преработува и се создава нов производ. На тој начин се штедат природните ресурси и се зачувува природата од загадување. Иако рециклирањето на отпадот се изведува во специјални фабрики за тоа, ти можеш да рециклираш или да реупотребиш предмети кои веќе си ги користел и во домашни услови.

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Што можеш да рециклираш во домашни услови? Како ќе го направиш тоа?
- Што можеш да реупотребиш дома, а што на училиште?

**Интересни факти**

• Со рециклирање на еден тон канцелариски материјал, се спасуваат 17 стебла дрва.
• За разложување на хартиена чаша (во природни услови), потребно е време до половина година, додека за разложување на пластичната чаша ѝ се потребни повеќе од 100 години.
• За разложување на пластиката и се потребни од 10 до 50 години, а за разложување на најлонот му се потребни 40 години.
• За разложување на мастиката за џвакање, потребно е време дури од 20 до 50 години.
• Од 2021 година Европската Унија ги повлекува од продажба сламките, пластичните чинии и прибори за јадење, како и други пластични производи за еднократна употреба.



**АКТИВНОСТ**

Соберете пластични шишиња кои ги користите во домаќинството и од нив направете предмети кои ќе можат повторно да се користат. Истакнете ги направените предмети во училишниот хол. Пресметајте колку шишиња сте искористиле. На овој начин вие помогнавте тие шишиња да се најдат во природата и да не ја загадат.



**АКТИВНОСТ**

Воочи каде во твојата општина се поставени контејнери за селектирање отпад и дали граѓаните соодветно ги користат поставените контејнери? Дискутирајте во одделението што може да преземете за да ја подигнете свеста на граѓаните за селектирање отпад. Преземете акција на ниво на општината поврзана со заклучоците од дискусијата.



**АКТИВНОСТ**

Запишете пораки на мали плакати за подигнување на еколошката свест кај другите. Нацртајте илустрации со неодговорно однесување кон животната средина и ставете ги во знак СТОП. Поставете ги подготвените плакати на видно место во училишниот двор и училиштето.



**Проверувам колку научив**

1. Зошто треба да селектираме и рециклираме?

_______________________________________________

_______________________________________________

2. Кој може да биде твојот придонес во зачувувањето на природата и животната средина?

_______________________________________________

_______________________________________________

# ЕКО-ИСТРАЖУВАЊЕ



Загадувањето на почвата придонесува до нарушување на здравјето на жителите и намалување на приносите во земјоделството. Истражи како се загадува почвата во вашата општина и што се презема во врска со тоа.

• Поделете се на групи.
• Договорете ги правилата на групите.
• Одберете по едно другарче кое ќе презентира на крајот на истражувањето. Исто така, одберете другарче кое ќе го фотографира тоа што го истражувате.
• Секоја група нека истражи за:
– На кои места има диви депонии, кој ги создава и како се справува општината со тоа?
– Како е регулирано фрлањето на сметот на ниво на општина?
– На кои начини се загадува почвата во општината?
– Како влијае загадувањето на почвата врз земјоделските приноси?
– Како влијае загадувањето на почвата врз здравјето на луѓето?

• Направете план за истражувањето. Не заборавајте да ги испланирате и материјалите кои ќе ви бидат потребни за истражувањето.
• Размислете од кои извори може да дознаете и соберете што повеќе информации. Во тоа може да ви помогнат наставниците по биологија, жителите на општината кои се занимаваат со земјоделие, градоначалникот/градоначалничката и вработените во општината, здравствените лица вработени во болница/амбуланта.
• Испланирајте кои прашања ќе ги поставувате при спроведување на интервју или анкета на луѓето кои ќе ги интервјуирате или анкетирате.
• Водете дневник на активности.
• На крајот на истражувањето сумирајте ги добиените информации, понудете решение на проблемот, направете презентација и претставете го вашиот труд пред вработените во општината и пред вашите другарчиња од училиштето.












# МОЈАТА ДРЖАВА


1 Минатото на современата македонска држава

2 Скопје – главен град

3 Државни институции

4 Државни симболи

5 Мултикултурниот и мултиетничкиот карактер на државата

6 Граѓанскиот карактер на државата

7 Активно учество, слобода на говор, право на избор, еднаквост







# ТЕМА 3

# МОЈАТА ДРЖАВА



## Резултати од учење

По изучувањето на темата, ќе умееш и ќе можеш да:

- ги наведуваш и да ги опишуваш важните настани од минатото, кои се значајни за создавањето на современата македонска држава;

- го идентификуваш Скопје како главен град и да ги опишуваш неговите карактеристики;

- правиш разлика меѓу најзначајните државни институции;

- го објаснуваш мултикултурниот/мултиетничкиот и граѓанскиот карактер на државата.

Ќе развиваш и:

- почитување за различните етнички заедници кои живеат во Република Северна Македонија;

- идентитет на граѓанин на Република Северна Македонија.





# МИНАТОТО НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА

## ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ И КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА



– Дедо, да те прашам нешто – рече Илина. – Доколку имаш временска машина, каде би сакал да се вратиш и колку години наназад?
– Интересно прашање. Би сакал да се вратам во времето на Илинденското востание, стотина години наназад. Поточно, на **Втори август 1903 година во Крушево** – рече дедо Димо.
– Ооо, па тоа звучи како моето име и се случило на мојот роденден. Знам дека името ми го дале бидејќи тогаш е празникот Св. Илија. А што е тоа востание? – зачудено праша Илина.
– **Востание е организирана борба на луѓето за поголеми права**. Вообичаено се случува заради незадоволство од власта. Во Илинденското востание, **населението сакало да се ослободи од османлиската власт**. Затоа, повеќе истомисленици, се договориле да се борат за да ја променат власта – објасни дедо Димо.
– А зошто токму во Крушево? – повторно праша Илина.

– Затоа што **во Крушево востаниците успеале да создадат своја власт и слободна територија наречена Крушевска Република**. Таа постоела само десет дена, но е многу важна за создавањето на македонската држава – одговори дедо Димо.
– А зошто само десет дена? – повторно праша Илина.
– Затоа што **Османлиите собрале огромна војска и успеале да ги победат македонските востаници и така си ја вратиле територијата назад** – одговори дедо.
– А што би правел ти таму? – праша Илина.
– Би се запознал со Никола Карев, првиот претседател на Крушевската Република, со војводата Питу Гули, кој храбро загинал на Мечкин Камен... Би помогнал во изработката на повеќе цреши топчиња...
– А Гоце Делчев бил таму? – пак се јави Илина.
– Не, **Гоце Делчев загинал неколку месеци пред почетокот на востанието, ама учествувал во неговата подготовка. Зборовите на Гоце Делчев: „Јас го разбирам светот како поле на културен натпревар меѓу народите“, ги воделе борците за слобода кон создавањето на македонската држава**.
– Ако не успеало Илинденското востание, зошто е толку важно? – праша Илина.
– Многу е важно заради тоа што **во востанието не се бореле само Македонците, туку и сите други кои живееле на тие простори**. Знаеш ли дека востаниците од Крушево им напишале писмо до сите браќа и соседи во кое ги повикуваат да им помогнат во нивната борба против заедничкиот непријател? Им било важно да живеат заедно, без разлика на која религија или народ припаѓаат. Тоа писмо во историјата се нарекува **Крушевски манифест/проглас** – рече дедо Димо.



**ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА:**

• Преку Крушевскиот манифест се упатува порака за соживот, која се однесува на сите граѓани, сеедно на кој народ или вера припаѓаат: Македонци, Албанци, Турци, Власи, Срби, христијани или муслимани. Сите тие имале заеднички непријател против кого требало **да се борат, да се ослободат и да создадат заедничка држава**. Тоа била Османлиската Империја. Некои активно се вклучиле и помагале, а други не учествувале, но и не го попречувале развојот на востанието со предавства на востаниците.

• Членови на привремената влада на Крушевската Република, биле: Дину Вангел, Димитар Секулов, Ѓорѓи Чаче, Никола Баљу, Теохар Нешков, Христо Ќурчиев.



Никола Карев – претседателот на Крушевската Република



Изработка на црешово топче

• Подолу е даден оригиналниот текст од Крушевскиот манифест. Можеби некои зборови нема да ги разбереш, бидејќи се напишани на народен македонски јазик кој се зборувал во тоа време. Со помош на наставникот/наставничката, прочитајте го текстот од Манифестот или слушнете ја дигиталната верзија и разјаснете ги непознатите зборови.

## Крушевски манифест/проглас

Браќа земљаци и мили комшии!

Ние, вашите вечни комшии, пријатели и познајници от хубавото Крушево и неговите китни села, без разлика на вера, народност, пол и убежденија, не можејќи веќе да трпиме тиранијата на жедните за крф и гладните за чоечко месо муртати, шчо гледаат и нас и вас да дотерат до нош, и нас и вас да дотераат до питачки стап и нашата мила и богата земја Македонија да заприлегат на пуста пустиња, денеска дигнафне глава и решифне со пушка да се браниме от тие наши и ваши душмани и да добиеме слобода.

Вие мошне арно знајте оти ние не сне лоши и разбирате оти от мака си ја кладофне главата в торба, за да заживејме како браќа на оваја земја, ние ве имаме како сфои и сакаме до крај да останиме сфои.

Ние не дигнафне пушка протиф вас - това би било страм за нас; ние не дигнафне пушка протиф мирнио, трудољубивио и чеснио турски нарот, шчо се прерануат, како нас со крваф пот - тој јет наш брат и со него сне живејале и пак сакаме да живејме; ние не излегофне да колиме и да грабиме, да палиме и да крадиме - доста ни сет зулумите на безбројните деребеи по нашата сирота и окрвавена Македонија; ние не излегофне да порисјанчуваме и да бесчестиме вашите мјаки и сестри, жени и ќерки; требит да знајте оти вашио имот, вашио живот, вашата вера и вашата чес ни сет толку скапи, колку шчо ни сет скапи нашите. Анџак, за да си завардиме имото, живото, верата и честа, ние сне зеле пушка.

Ние не сне муртати на сфојата земја, шчо не родила, ние не сне арамии и јанкесеџии, а револуционери пот клетва да умриме за правото и за слободата; ние се бунтуваме протиф тиранијата и протиф ропството: ние се бориме и ќе се бориме протиф муртатите, протиф арамиите, протиф зулумќарите и јанкесеџите, протиф насилниците на нашата чес и на нашата вера и протиф тие шчо смучат нашата пот, и експлоатират нашио труд. От нас, и от нашите села да не се плашите - никому зијан не ќа сториме.

Ние не само ве имаме како сфои браќа, туку и ве жаљаме како сфои браќа, бидејќи разбираме оти и вие сте робје како нас, робје на царо и на царските бегој, ефендии и паши, робје на богатите и на силните, робје на насилниците и на зулумќарите, шчо ја запалија царшчината од четирите страни и шчо не натераа нас да дигниме глава за право, за слобода и за чоечки живот. За право, за слобода и за чоечки живот ве каниме и вас да дојдите заедно да водиме борба!

Елате, браќа мусљумани, при нас да тргниме протиф вашите и наши душмани! Елате под бајрако на “Афтономна Македонија”! Македонија јет заедничка наша мајка и викат за помош. Елате да скршиме синџирите на ропството, да се куртулиме от маки и страданија, и да пресушиме реките от крвој и солзи!

Елате при нас, браќа да си слејме душите и срцата и да се спасиме, та ние и нашата чељат и пречељат да живејат мирно, да си работат спокојно и да напредуат!...

Мили наши комшии! Како Турци, Арнаути и мусљумани, разбираме, вие се си мислите, оти царстфото јет ваше и оти вие не сте робје, шчом на царскио бајрак немат крст, а имат ѕвезда и месечина. Оти не јет така и оти грешите, вие брго ќе се сетите и ќа го разберите. Ама ако ви јет намуз да дојдите при нас и да се објавите протиф царската тиранија, ние, вашите по таткојна и по страданија браќа, немат да се докачиме и не ќа ве мразиме. Ние сами ќа се бориме и за нас и за вас, ако јет потребно, до еден ќа умриме пот бајрако за нашата и ваша слобода и за нашето и ваше право. “Слобода или смрт” јет писано на нашите чела и на нашио крваф бајрак. Ние веќе го дигнафне тој бајрак и немат враќање. Ако и вие не имате како ваши браќа и ни сакате доброто, ако есапите пак да живејте со нас, како шчо сте живејале до сега и ако сте верни и достојни синој на мајка Македонија, можите да ни поможите само со едно нешчо - а тоа јет голема помшт. да не се заортачите со душманите, да не дојдите со пушка протиф нас и да не прајте зулуми по рисјанските села!

Нека Господ Бог да благослојт светата борба за правото и слободата!

Нека сет живи борците за слободата и сите чесни и добри македонски синој!

Ура! За “Афтономна Македонија”!



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- На кого се однесува писмото?
- Зошто македонските востаници го напишале тоа писмо?
- Каква порака упатуваат до жителите на околните места?
- Како би постапил/постапила доколку живееш во тоа време?



Читање на Крушевскиот манифест



Македониум, Крушево

– Дедо! – рече Илина. – Видов фотографии од луѓето, кои управувале за време на Крушевската Република. Сите се машки. Што правеле девојчињата, мајките, бабите? Женските не помагале во востанието? – Како не помагале? – рече дедо Димо. – Жените учествувале на многу начини. Заеднички го подготвувале востанието, подготвувале храна и облека, набавувале оружје, носилки, лекови, се грижеле за повредените, ги криеле во домовите да не ги најдат војниците од османлиската војска. Сум чул за многу хероини, кои со целата своја душа учествувале во востанието. Таквите жени, станале мајки на востаниците кои ги негувале кога биле болни, им ја переле облеката, им готвеле. Некои од нив зеле и пушка в рака и станале борци/хероини.



Споменик
Мечкин Камен



Војводата Питу Гули и неговата чета во битката на Мечкин Камен во 1903 година

**АКТИВНОСТ**

Гледај исечоци од македонскиот игран филм „Републиката во пламен“ (https://www.youtube.com/watch?v=uhAl2R4hWRk; https://www.youtube.com/watch?v=o4JoBAwU1rU; https://www.youtube.com/watch?v=y_cjzXq0nhk), кој ја претставува организацијата на власта во Крушевската Република и начинот на живот на луѓето во тој период. Издвој три лика кои ќе ти остават најсилен впечаток и опиши ја нивната улога во востанието.

**ЗАДАЧА**

За да ти биде појасно, посети го Музејот на македонската револуционерна борба. Таму има восочни фигури и приказни од овој период, кои можеш да ги видиш со виртуелна посета (http://mmb.org.mk/muzej/index.php/mk/edukacija/istrazuvame) или со физичко присуство. Потоа, со помош на наставникот направете историско катче со фотографии и предмети од периодот на Илинденското востание и играјте улоги на ликови кои ви оставиле најсилен впечаток.

**АКТИВНОСТ**

Направете претстава/драматизација со ликовите кои ви оставиле најсилен впечаток, а ја имаат главната улога во организирање и реализирање на востанието.



**Проверувам колку научив**

**На следните прашања заокружи ја буквата пред одговорот за кој мислиш дека е точен:**

**1. На кој датум започнало Илинденското востание?**

а. 2 Август 1903 година
б. 2 Август 1944 година
в. 13 Ноември 1945 година
г. 8 Септември 1991 година

**2. Колку време постоела Крушевската Република?**

а. Два дена б. Десет дена в. Еден месец г. Десет години

**3. Како се викал претседателот на Крушевската Република?**

а. Даме Груев б. Гоце Делчев в. Никола Карев г. Питу Гули

**4. Какви биле намерите на востаниците?**

а. да се ослободат од османлиската власт
б. да создадат своја азбука
в. да ја подобрат животната средина
г. да се истакнат пред другите

**5. Како се нарекува писмото со кое македонските востаници ги повикуваат сите соседи да им се приклучат во заедничката борба?**

а. Илинденска порака
б. Крушевски манифест
в. Илинденска заклетва
г. Крушевска Република

# МИНАТОТО НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА

## АСНОМ



На големиот одмор група ученици се договараат да играат игра „временска машина“. Илина предлага да се вратат во Втората светска војна, а Флорент и Џенифер веднаш прифаќаат. Се обраќаат кај наставничката да им дозволи да истражуваат на паметната табла во училницата. Таа ги насочува кои клучни зборови да ги користат за да ги откријат позициите на македонската држава и придобивките на крајот од војната за неа: **НОБ, АСНОМ, Методија Андонов-Ченто**.
И веднаш се соочуваат со непознати зборови. – Што е тоа АСНОМ? – праша Џенифер. – А, демек, НОБ знаеш што е? – рече Илина. Флорент, за да се направи важен, рече дека Ченто се вика нивната населба, а кај баба му во Прилеп, на плоштадот има споменик на Ченто. – Мора да е некој важен човек штом и споменик му направиле – се приклучи нивното другарче Јован. – Ајде да одиме по ред и да откриеме што значат и зошто се важни клучните зборови, а потоа да ги презентираме пред наставничката – предложи Флорент. Сите се согласија со неговиот предлог.

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Што мислиш, до какви податоци дојдоа ликовите од приказната?
- Дали знаеш нешто за клучните зборови наведени од наставничката?

**НОБ** е кратенка која значи народно ослободителна борба. Борбата се случувала за време на Втората светска војна, а ја започнало македонското население за да се ослободи од туѓата окупаторска власт. Пораката за соживот којашто е упатена од Крушевската Република, ја доживува вистинската реализација за време на Втората светска војна, кога партизанските одреди се исполнуваат и со Македонци и со Албанци, Турци, Власи, Срби, Евреи... Ибе Паликуќа, Петре Пирузе, Мара Нацева, Исак Сион, Кемал Аголи, Вера Ацева, Живко Брајковски, Кемал Сејфула. Нафи Сулејмани, Димитар Влахов, Елпида Караманди, Бајрам Шабани, Кирил Глигоров, Панко Брашнаров, Невена Георгиева-Дуња, Вера Јоциќ, Методија Андонов-Ченто и многу други херои и хероини се бореле за слободата на нашата држава. Некои од нив учествувале во АСНОМ и во создавањето на државата, а некои го загубиле животот во војната. Сите имаат различни животни приказни.



УЧЕСНИЦИ ВО НОБ И АСНОМ

**АКТИВНОСТ**

Во кутија ставете ливчиња со имињата на споменатите херои/хероини, кои учествувале во НОБ, а се споменати погоре. Заедно со уште две другарчиња од одделението извлечете три имиња и истражете ја нивната биографија. Подгответе заедничка презентација. Доколку има повеќе ученици во паралелката, со помош на наставникот додадете уште имиња на херои/хероини – учесници (делегати) на Првото заседание на АСНОМ и повторете ја постапката.



**АСНОМ** е кратенка од повеќе зборови, во која секој збор има одредено значење. Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ) го означува првото македонско собрание, кое имало право да донесува закони. На тоа собрание се создала современата македонска држава. Првото заседание на АСНОМ се одржало на Втори август 1944 година во манастирот Св. Прохор Пчински. Тоа донело многу важни одлуки, кои се значајни за развојот на современата македонска држава. На пример, македонскиот јазик бил прогласен како службен јазик, сите граѓани биле изедначени во своите права, а Илинден бил прогласен за државен празник.





**Методија Андонов-Ченто** е првиот претседател на АСНОМ, односно првиот претседател на македонското собрание и на македонската држава.

**Панко Брашнаров** - како најстар делегат го отворил Првото заседание на АСНОМ.




**Некои важни точки од Д Е К Л А Р А Ц И Ј АТА на АСНОМ за основните права на граѓанинот на демократска Македонија:**

– Сите граѓани на федерална македонска држава се еднакви и рамноправни пред законите, не гледајќи на нивната народност, пол, раса и вероисповед;
– На секој граѓанин му е гарантирана сигурноста за личноста и имотот, загарантирано е правото на сопственост;
– На секој граѓанин му е загарантирана слободата на вероисповед и слободата на совест;
– На сите граѓани им се гарантира слободата на говорот, печатот, собирањето, договорот и слободата на здружување;
– Изборното право на демократска Македонија го вршат избирачите со тајно гласање на основа на општото, еднаквото, непосредното и личното изборно право;
– Правото да избираат и да бидат избирани во сите изборни тела во народната власт го имаат секој граѓанин и секоја граѓанка кои наполниле 18 години, ако не се обвинети за некој престап.



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Зошто Првото заседание на АСНОМ го нарекуваат втор Илинден?
- Спореди го Прогласот на Крушевската Република со решенијата на АСНОМ и објасни каква порака упатуваат овие документи во однос на правата на сите граѓани.

ДЕКЛАРАЦИЈА
на АСНОМ за основните права на граѓанинот
на демократска Македонија, 2 август 1944 г.

Сите граѓани на федерална македонска држава се еднакви и рамноправни пред законите, не гледајќи (на) нивната народност, пол, раса и вероисповеданије.

На националните малцинства на Македонија се осигураваат сите права на слободен национален живот. На секој граѓанин му е гарантирана сигурноста за личноста и имотот, загарантирано е правото на сопственост и часната иницијатива во стопанскиот живот.
На секој граѓанин му е загарантирана слободата на вероисповеданието и слободата на савеста.

На сите граѓани им се гарантира слободата на говорот, печатот, собирањето, договорот и слободата на дружението.
Изборното право на демократска Македонија го вршат избирачите со тајно гласуване на основание на општото, еднаквото, непосредното и личното изборно право.

Правото да избируат и да бидат избирани во сите изборни тела во народната власт (го) имајат секој граѓанин и секоја граѓанка кој се наполниле 18 години, ако не се провинени за некоје престапление. Додека траје народно-ослободителната војна, по решение на АСНОМ, може да се отстапи от принципите на тајното и непосредното гласуване.

На секој граѓанин му е загарантирано правото на жалба против решениата на органите на власта по начин предвиден во законот. Секој граѓанин има право на молба и поплака кај сите државни власти. Народната власт се стара е да (ја) отстрани неписменоста и да ја подигне народната култура, како и да осигура безплатна просвета.

Во манастирот „Св. Отец Прохор Пчински“ на ИЛИНДЕН, 2 август 1944 год(ина). За Антифашиското собрание на народното ослободуене на Македонија.

претседател: Методи Андонов-Ченто





## Проверувам колку научив

**На следните прашања заокружи ја буквата пред одговорот за кој мислиш дека е точен:**

**1. На кој датум се одржало Првото заседание на АСНОМ?**

а. 2 Август 1903 година
б. 2 Август 1944 година
в. 13 Ноември 1945 година
г. 8 Септември 1991 година

**2. Како се викал првиот претседател на АСНОМ?**

а. Панко Брашнаров
б. Кочо Рацин
в. Никола Карев
г. Методија Андонов-Ченто

**3. Што значи кратенката НОБ?**

___

**4. Кои зборови ги содржи кратенката АСНОМ?**

___

**5. Каква била одлуката на Првото заседание на АСНОМ во однос на македонскиот јазик?**

___

# МИНАТОТО НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА

## РЕФЕРЕНДУМ ЗА НЕЗАВИСНОСТ

Флорент е дојден кај Илина. Тука е и дедо Димо кој гледа документарен филм на телевизија. Додека Илина и Флорент разговараа меѓу себе, дедо Димо гледајќи ја програмата на телевизија, тивко рече:
– Колку бев горд тогаш!
Флорент и Илина го погледнаа изненадено.
– Што рече, дедо? Зошто беше горд? – праша Илина.
– Дојдете до мене – ги повика дедо Димо. – Гледајте го документарниот филм, а можете да го видите и на: https://www.youtube.com/watch?v=x-eriBVDDkcI. На неа се прикажува како течеше осамостојувањето на нашата држава и референдумот преку кој се изгласа таа независност и самостојност. Тогаш бев многу горд затоа што нашата држава стана самостојна, независна и суверена земја.
– Дедо, објасни ни малку повеќе, како станала независна нашата држава и што е тоа референдум? – го замоли Флорент.
Дедо Димо почна да објаснува...



• По завршувањето на Втората светска војна, нашата земја била дел од една голема држава Југославија, како еднаква со други држави од Балканскиот Полуостров. На Осми септември 1991 година, граѓаните на референдум се изјасниле за независна и самостојна македонска држава. Затоа, Осми септември го прославуваме како Ден на независноста.

• Референдум е прашање кое го поставува власта до граѓаните за некои важни одлуки, за кои не може да одлучи без да ги праша своите избирачи.

• Првиот претседател на самостојна Македонија е Киро Глигоров.





– Ова е интересно – рече Илина. – Ајде да дознаеме уште нешто за референдумот и осамостојувањето на нашата држава. Мислам дека тука може да ни помогнат повозрасните, нашите наставници, можеме да ги прашаме и кустосите во музеите, но и да истражиме на интернет.
– Се согласувам – одговори Флорент. – Ајде да почнеме!

**ИСТРАЖУВАЈ**

- Направи интервју со повозрасни личности за создавањето на независната македонска држава. Потоа сподели ги одговорите со сите.
- Откриј три личности, припадници на различни етнички заедници, кои придонесле за создавањето на современата македонска држава, а потоа подготви мултимедијална презентација, која ќе ја презентираш пред останатите ученици.
- Истражувај за првиот претседател Киро Глигоров и за него подготви мултимедијална презентација.

## Проверувам колку научив

**1. Референдум е кога власта поставува прашање до граѓаните за некои важни одлуки:**

ДА НЕ

**2. На кој датум македонските граѓани се изјасниле за самостојна и независна држава?**

а. Осми септември 1191 година
б. Осми септември 1991 година
в. Осми октомври 1991 година
г. Втори август 1903 година

**3. Прв претседател на независна и самостојна Македонија е:**

а. Методија Андонов-Ченто
б. Киро Глигоров
в. Никола Карев
г. Борис Трајковски

**ЗАДАЧА**

На временската лента определи го местото (датумот) на Илинденското востание, Првото заседание на АСНОМ и референдумот за независност. Може да дополните со ликови и поими кои ги асоцираат на настаните.



# СКОПЈЕ – ГЛАВЕН ГРАД

Кај Илина дојдоа гости од странство. Додека тетка Ајлин и мајка ѝ на Илина разговараа меѓу себе, Илина реши да ги прошета Мерал и нејзиниот постар брат Онис низ Скопје и да им ги покаже знаменитостите на градот. За да го прошетаат градот, ќе им требаше подолго време, па затоа Илина помисли да им покаже некои поважни знаменитости, а за оние што нема да успеат да ги видат, да истражат на интернет.
Илина почна да им раскажува на Онис и Мерал...



Градот Скопје во текот на своето постоење, во зависност од историските прилики бил именуван со различни имиња. Античкото име му е Скупи. Најстарите сведоштва за градот велат дека Скопје бил населен во многу далечно време. Бројот и составот на населението постојано се менува. Во Скопје живеат: Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби, Бошњаци и др. Во Скопје секогаш живееле заедно сите заедници, а до Втората светска војна имало уште една бројна заедница – Евреите, кои сега се во мал број.



Скопје е главен и најголем град во Република Северна Македонија, распространет на бреговите на реката Вардар и нејзините притоки. Се протега во Скопската Котлина, која ја опкружуваат планините: Водно, Караџица, Осој, Жеден и Скопска Црна Гора. Се наоѓа на северниот дел на државата, а во средишниот дел на Балканскиот Полуостров.

Градот Скопје во себе содржи 10 општини. Роденденот го слави на 13 Ноември. Многупати во минатото бил разурнуван заради војни, болести, поплави и земјотреси, но секогаш успевал да биде обновен.








**ЗАДАЧА**

Изгледај го заедно со твоите другарчиња документарниот филм за скопскиот земјотрес од 1963 година https://www.imdb.com/title/tt0326165/, а потоа разговарајте со наставникот/наставничката.

- Какви биле последиците од катастрофалниот земјотрес?
- Како градот Скопје станал град на солидарноста?
- Што значи да се биде солидарен/солидарна? Наведи примери од сопствено искуство.

Откако Илина им раскажа на Мерал и Онис за Скопје, ги однесе на прошетка низ центарот на градот. Тука Мерал и Онис со воодушевување го гледаа Камениот мост, Калето и Старата скопска чаршија. Прошетаа и низ Градскиот парк, а ја посетија и Зоолошката градина. Со интерес ги слушаа занимливостите кои им ги набројуваше Илина.





**ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА:**

• Градот Скопје е седиште на повеќето важни државни институции.

• Камениот мост е изграден во минатото на реката Вардар. Тој претставува една од најзначајните знаменитости на градот. Сместен е во центарот на градот и ги поврзува стариот и новиот дел од Скопје. Мостот денеска се смета за симбол на градот Скопје и е главен елемент на грбот на Скопје, кој е насликан на знамето на Скопје.

• Покрај Скопје, поминува и аквадуктот кој во дамнешно време служел за носење на вода до населените места.

• Првата зоолошка на Балканот е изградена во Скопје.

• Скопскиот Градски парк датира уште од почетокот на XIX век. Оттогаш па до денес се развива и се одржува како парк кој го краси градот. Во паркот има засадено дрва од видот гинко и секвоја, кои како растителен вид се едни од најстарите видови дрва на планетата.

• Матка е најстарото вештачко езеро во нашата држава.

• Една од најпознатите хуманитарки и добитнички на Нобеловата награда, Мајка Тереза, е родена во Скопје. Во нејзина чест е изграден и меморијален центар.

Мерал особено се заинтересира за Мајка Тереза. Знаеше дека е родена во Скопје, но сакаше да дознае нешто повеќе за неа. Така решија со Илина да истражат за Мајка Тереза, но и да направат еден фотоалбум со знаменитостите на Скопје за спомен.



**ИСТРАЖУВАЈ**

Креирај албум од фотографии (во хартиена или електронска форма), проследени со кус текст, преку кој се презентира градот Скопје со неговите значајни градби и културни знаменитости (Камениот мост, Скопското кале, Старата скопска чаршија, Старата железничка станица, Даут-пашиниот амам, Музејот на холокаустот, Музејот на современа уметност, театрите). Ако имаш можност, фотографирај и направи фоторепортажа.



**ЗАДАЧА**

Посетете ја Спомен-куќата на Мајка Тереза (виртуелно: http://memorialhouseofmotherteresa.com или физички). Работете во групи формирани од наставникот на текстови од различен период од животот на Мајка Тереза, посветени на нејзината хуманост. Проучете ги најкарактеристичните пасуси и/или цитати (делови) и подгответе заеднички постер. Постерот треба да биде продукт од работата на сите групи. Откако ќе биде готов, презентирајте го пред родителите или вашите соученици.



## Проверувам колку научив

**На следните прашања заокружи ја буквата пред одговорот за кој мислиш дека е точен:**

1. На следните прашања заокружи ја буквата пред одговорот за кој мислиш дека е точен. Како се нарекувал градот Скопје во минатото?
   а. Скадар
   б. Скупи
   в. Снупи
   г. Срем

2. Старата железничка станица е сведок за:
   а. местоположбата на градот Скопје
   б. големата поплава од 1962 година
   в. катастрофалниот земјотрес од 1963 година
   г. возниот ред на возовите

3. Во кој дел од градот Скопје може да се видат старите занаети?
   а. Музејот на современа уметност
   б. Старата скопска чаршија
   в. Даут-пашиниот амам
   г. Скопското кале

4. Како е наречен градот Скопје по катастрофалниот земјотрес од 1963 година?
   а. град на солидарноста
   б. цвеќе на хуманоста
   в. симбол на убавината
   г. град на светлината

5. Која човечка особина ја препозна кај Мајка Тереза?
   а. ведрината
   б. праведноста
   в. хуманоста
   г. доверливоста

6. Градот Скопје го слави роденденот на:
   а. 15 Март     б. 13 Август     в. 13 Октомври     г. 13 Ноември

# ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ

**ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА:**

- Општество е група луѓе кои живеат заедно и почитуваат заеднички правила.

- Државата е територија со граници, во која има население и власт која управува во различни дејности.



**ДОЗНАЈ**

- Со кои држави граничи нашата држава? Си бил/а во некоја од нив?
- Како треба да се однесуваме во една држава?
- Каде ги пишува правилата на однесување во државата?
- Кој ги определува правилата?
- Замисли држава во која не постојат правила и секој може да прави што сака. Дали ќе се чувствуваш безбедно?








Законите во државата служат за да ги воспоставаат правилата на однесување во одредена област. На пример, Законот за основно образование ти го гарантира правото да учиш, Законот за заштита на животната средина ги определува правилата за однесување кон неа, Законот за здравствена заштита ти гарантира лекување и превенција од болести. Законите во Република Северна Македонија ги гласаат пратениците во Собранието. Притоа, тие мора да го почитуваат и да се раководат според Уставот, кој е најважен закон. Во Уставот ги пишува правата кои ги имаат сите во државата и обврските на тие што управуваат со неа. Така, пратениците во Собранието ги избираат граѓаните за да ги претставуваат нивните потреби, но и да обезбедат почитување на Уставот. Тоа е исто, кога вие во одделението избирате одделенска заедница и претставници за ученичка заедница. Тие претставници во ученичката заедница ги избирате за да обезбедат почитување на вашите права во училиштето и да го пренесат вашето мислење во ученичкиот парламент или кај ученикот правобранител, до директорот на училиштето или до градоначалникот на вашата општина.







**ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА:**

Во Уставот на Република Северна Македонија пишува дека секој граѓанин со наполнување 18 години се стекнува со право да гласа и да избира.

**ИСТРАЖИ**

Прашај ги повозрасните како се гласа на избори.

**АКТИВНОСТ**

Учествувај во виртуелна посета на Собранието на Република Северна Македонија преку веб-страницата на институцијата (https://www.sobranie.mk/virtuelni-turi-niz-sobranieto.nspx) и сподели ги впечатоците со твоето другарче. Разговарајте за улогата на пратениците и нивните задачи. Заеднички составете неколку реченици, кои ќе ги презентирате пред останатите ученици.



По виртуелната посета на Собранието на Република Северна Македонија, на паузата разговараат Илина и Арбер. – Ако во Собранието се донесуваат законите и Уставот, тогаш кој се грижи да се спроведуваат тие закони? На пример, кој е одговорен за работата на сите училишта во државата? Кој е одговорен за работата на сите болници и амбуланти? – гласно размислува Илина. – Да, навистина! – потврди Арбер. – И јас не го разбирам тоа. Мама честопати спомнува некаква влада, министри. А да ја прашаме наставничката?
Наставничката им објасни дека законите ги спроведуваат министерствата, а нив ги раководат министри. Сите министри ја сочинуваат Владата на Република Северна Македонија.

– Јас мислев дека претседателот на државата е главен за законите. Знам дека моите родители гласаа за претседател. И јас бев со мама до избирачкото место – рече Арбер. – Така е, Арбер! – рече наставничката. – Претседателот го избираат граѓаните и тој е шеф на државата и врховен командант на вооружените сили. Поврзан е со законите, така што ги одобрува сите закони што ги донесува Собранието.





**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Кои услови треба да ги исполни секој што сака да се кандидира за претседател на Република Северна Македонија?

**Проверувам колку научив**

**1. За претседател на државата може да се кандидира секој граѓанин кој наполнил 18 години.**

ДА НЕ

**2. Уставот и законите во нашата држава ги донесува:**

а. Владата на Република Северна Македонија
б. Собранието на Република Северна Македонија
в. Претседателот на Република Северна Македонија
г. Министерството за образование на Република Северна Македонија

**3. Колку години треба да имаш за да можеш да гласаш на избори?**

а. 14 б. 15 в. 16 г. 18

# ДРЖАВНИ СИМБОЛИ

Во рамките на квалификациите за Светското првенство во Катар, македонската фудбалска репрезентација ја победи Германија со резултат 2:1. Пред почетокот на натпреварот, беа пуштени химните на двете држави. Сите фудбалери и навивачи стоеја мирно, а додека течеше химната на Република Северна Македонија, македонските репрезентативци и навивачи ја пееја во еден глас. Навивачите се препознаваа по знамињата од државата во која доаѓаат. Линк: www.youtube.com/watch?v=2qHp1bKZKy8



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Зошто кога ќе се пушти државната химна, луѓето стојат мирно?
- Како изгледа македонското знаме?
- Кои државни симболи ги имаат повеќето држави?
- На кои празници се крева македонското знаме и каде секојдневно можеме да го видиме истакнато?
- Како изгледа грбот на македонската држава?
- На кои настани се пушта македонската химна?

Грбот, химната и знамето се државни симболи на Република Северна Македонија. Потсети се што значат боите на знамето и симболите на грбот! Како настанала химната на нашата држава?



Грб на Република Северна Македонија



Знаме на Република Северна Македонија



Химна на Република Северна Македонија

**Денес над Македонија**

Денес над Македонија се раѓа,
ново сонце на слободата!
Македонците се борат
за своите правдини!
Македонците се борат
за своите правдини!
Одново сега знамето се вее
на Крушевската република!
Гоце Делчев, Питу Гули,
Даме Груев, Сандански!
Гоце Делчев, Питу Гули,
Даме Груев, Сандански!
Горите македонски шумно пеат,
нови песни, нови весници!
Македонија слободна,
слободно живее!
Македонија слободна,
слободно живее!

**ИСТРАЖУВАЈ**

Како изгледаат државните симболи на нашите соседи?



**Проверувам колку научив**

1. Опиши како изгледа македонското знаме.

___

___

2. Наведи три елементи на грбот на македонската држава.

___

3. Која е симболиката на македонската химна?

___

___

# МУЛТИКУЛТУРНИОТ И МУЛТИЕТНИЧКИОТ КАРАКТЕР НА ДРЖАВАТА

Етничка група е заедница од луѓе, припадници на некој народ, кои живеат во една или повеќе држави. Во сегашно време не постои држава во светот во која живее само една етничка група. Етничките групи имаат различни карактеристики, кои ја сочинуваат нивната култура: јазик, религија, обичаи, правила на однесување, уметност и друго. На пример, во нашата држава живеат граѓани што се припадници на различни култури и етнички заедници: Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби, Бошњаци, Власи и други. Ваквите држави, во кои заедно живеат припадници на различни култури, се нарекуваат мултикултурни држави. Луѓето во нив споделуваат заеднички институции: училишта, градинки, болници и соработуваат во остварување на заеднички цели.



**АКТИВНОСТ**

• Во табелата подолу, во првата колона се дадени празници кои ги прославуваат припадниците на различните етнички заедници во нашата држава.

1. Со помош на програмата за неработни денови во оваа календарска година, која е објавена на интернет, пополни ја втората колона од табелата. Напиши кога се прославува секој од наведените празници. Внимавај, програмата за неработни денови ќе ја користиш само за втората колона.

2. Потоа, користејќи го знакот ✓, пополни ги редовите, како во дадениот пример. Стави го знакот во полињата на народи/етнички заедници, кај кои мислиш дека се прославува некој празник. Можеш да ги прашаш и другарчињата или наставникот/наставничката да ти помогнат. Во колоната Други, допиши доколку познаваш и друга етничка заедница, која го прославува тој празник.

| ПРАЗНИК | КОГА СЕ ПРОСЛАВУВА? | МАКЕДОНЦИ | АЛБАНЦИ | ТУРЦИ | РОМИ | ВЛАСИ | СРБИ | БОШЊАЦИ | ДРУГИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Божиќ | | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | | Црногорци |
| Рамазан Бајрам | | | | | | | | | |
| Велигден | | | | | | | | | |
| Св. Кирил и Методиј | | | | | | | | | |
| Ден на албанската азбука | | | | | | | | | |
| Ден на наставата на турски јазик | | | | | | | | | |
| Национален ден на Власите | | | | | | | | | |
| Меѓународен ден на Ромите | | | | | | | | | |
| Меѓународен ден на Бошњаците | | | | | | | | | |
| Свети Сава – Национален празник на српската заедница | | | | | | | | | |

Пополнувајќи ја табелата, забележа дека некои верски празници во нашата држава се неработни денови за сите етнички заедници, а тоа не значи дека се прославуваат во сите семејства. Етничките заедници кои живеат во нашата држава, одбележуваат празници што се карактеристични за нив како припадници на еден народ, но и празници кои се поврзани со религијата. Немаат сите припадници на еден народ иста религија. На пример, кај македонскиот народ повеќето луѓе се православни христијани, но има Македонци кои се католици, протестанти и Македонци-муслимани. Има и луѓе кои не се религиозни. Кај албанскиот народ, повеќето луѓе се муслимани, но има и Албанци-православни христијани и католици.

Потсети се кога истражуваше за градот Скопје. Забележа дека Старата скопска чаршија е пример за место во кое сите луѓе живеат заедно, соработуваат и меѓусебно се почитуваат. Таму може да се проба разновидна храна, може да се најде традиционална облека, да се гледаат претстави, да се посетат музеи и да се слушнат сите јазици на етничките заедници, кои живеат во нашата држава. Основните елементи на културата се: јазикот, обичаите, традицијата, храната, фолклорот и друго. Со текот на времето и заедничкото живеење, различните култури на етничките заедници во Република Северна Македонија влијаеле едни врз други. Забележа дека етничките заедници имаат многу сличности, но и се разликуваат меѓу себе според одредени карактеристики. Меѓусебното запознавање води кон другарување, соработка и почитување.







Дали знаеш некој збор на јазикот на другите етнички заедници, кои живеат во нашата држава? Провери во следната активност.

**АКТИВНОСТ**

• Во табелата подолу, во првата колона, подреди ги дадените зборови, кои значат благодарам на јазиците на етничките заедници, кои живееаат во нашата држава:
**благодарам, хвала, faleminderit, nais, hvala, teşekkürler, haristo**.

• Потоа истражи на *Google Translate* или прашај некој кој го знае јазикот и напиши како се вика **другарче, те сакам, извини, пријателство** на секој од наведените јазици.

• Во колоната **Друго**, доколку знаеш, можеш да ги напишеш овие зборови на некој друг јазик, различен од наведените.

| МАКЕДОНСКИ | АЛБАНСКИ | ТУРСКИ | РОМСКИ | СРПСКИ | ВЛАШКИ | БОСАНСКИ | ДРУГО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Благодарам | | | | | | | |
| Другарче | | | | | | | |
| Те сакам | | | | | | | |
| Извини | | | | | | | |
| Пријателство | | | | | | | |

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Кои се најзастапените религии во нашата држава?
- Која е разликата меѓу нивните верски објекти?

**ИСТРАЖУВАЈ**

Спореди кои се сличностите, а кои разликите во прославувањето на Бајрам и Велигден или Ѓурѓовден. Запиши ги накратко резултатите од твоето истражување во Веновиот дијаграм во тетратка.



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Што забележуваш?
- Колку културите си влијаеле едни врз други преку меѓусебната комуникација?

**ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА:**

Во сите култури и етнички заедници постојат луѓе кои не се религиозни? Луѓето имаат право да одберат да не припаѓаат на ниту една религија.

**АКТИВНОСТ**

Разгледај ги фотографиите подолу и заедно со другарчињата и наставникот/наставничката опиши што е прикажано на секоја од нив. Потоа:

1. Избери ги само тие фотографии кои ќе ти помогнат да се претставиш себеси и својата култура.

2. Одбери фотографии со кои ќе претставиш други култури.

3. Одбери фотографии со кои ќе направиш албум за да ја претставиш твојата држава.

*За секоја од трите задачи можеш да додадеш и други фотографии, различни од понудените, по сопствен избор.












ABCDEFGHI
JKLMNOPQR
STUVWXYZ












**ОПИШИ**

• Што заклучи од оваа активност?

Изгледај една епизода од детската серија „Наше маало“, а потоа објасни кои се предностите од дружењето со деца од различни етнички заедници.



**АКТИВНОСТ**

Напишете го името на секоја етничка заедница во нашата држава на посебно ливче. Бројот на ливчиња треба да одговара со бројот на ученици во паралелката, така што во побројните паралелки, секоја етничка заедница може да се напише на неколку ливчиња. Ставете ги ливчињата во кутија, а потоа влечете. Направете пар или група со учениците на кои им се паднала истата етничка заедница. Секој пар или група нека истражува за традиционалната храна, народната музика, народните игри и традиционалната носија на етничката заедница што ѝ се паднала и нека подготви кус текст проследен со илустрации што ќе ги стави на слајдови од мултимедијална презентација. Потоа наставникот/наставничката нека ги обедини слајдовите во заедничка презентација која ќе се прикажува пред сите ученици во паралелката и пред други гости. Разговарајте за сличностите во традиционалната храна, народната музика, народните игри и традиционалната носија на сите етнички заедници. Може да организирате училишен базар со тезги од различни етнички заедници, со изработки во кои ќе ги вклучите и родителите. Доколку ги продавате производите, може да направите и некое хумано дело, да помогнете на другарче.

## Проверувам колку научив

1. Наброј ги етничките заедници кои живеат во нашата држава и наведи го јазикот на кој зборуваат.

2. Кои празници се поврзани со писменоста на Македонците, Албанците и Турците?

3. Кои празници ги одбележуваат Власите, Ромите, Бошњаците и Србите во Република Северна Македонија?

4. Наведи ги важните празници на најзастапените религии во Република Северна Македонија.

# ГРАЃАНСКИОТ КАРАКТЕР НА ДРЖАВАТА

## ГРАЃАНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОЛОНТЕРСТВО

Во нашето училиште учат: Јетон, Рамиз, Санија, Марија, Тамара и Роберт. Тие се другари. Секогаш одат на заедничка дружба во блискиот парк каде што возат ролери, скејтборд или едноставно разговараат меѓу себе. За нив јазикот не е препрека да се дружат, ниту различната вера, а ниту различните обичаи. Тие учат еден од друг и се почитуваат меѓу себе.

Понекогаш заеднички организираат акција за чистење на паркот од отпадоци, а пред некое време организираа и акција за изработка и поставување на хранилки за птиците во паркот. Во таа акција им помогна граѓанското здружение „Активирај се“. Тоа е граѓанско здружение кое е составено од граѓани кои сакаат да придонесат за одржување на здрава животна средина. Тие се организираат во граѓанско здружение кое работи доброволно и има за цел решавање на некои проблеми во општината и пошироко и кои се однесуваат на екологијата, здравјето, образованието.

Јетон, Рамиз, Санија, Марија, Тамара и Роберт сакаат уште повеќе да помогнат во својата општина, па затоа решија да волонтираат во Црвениот крст и Црвената полумесечина. Тука помагаат да ја изберат облеката и храната која ја донирале граѓаните за своите сограѓани на кои им се потребни храна и облека. Тоа го прават доброволно.



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Како успеваат овие другари да го одржат другарството?
- Зошто можат непречено да се дружат?
- Дали секој од нив го има правото на образование, здравствена заштита, безбедност и чиста средина подеднакво? Кој им го гарантира тоа право?
- Зошто се формираат граѓанските здруженија?
- Што значи зборот волонтирање?

**ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА:**

Република Северна Македонија е заедничка држава на сите граѓани кои живеат во неа, без оглед на нивната етничка припадност. Улогата на државата е да се грижи за остварувањето на правата на образование, здравствена заштита, безбедност и чиста средина за живеење на сите нејзини граѓани. Сите луѓе се еднакви и имаат исти права и слободи.

Граѓанинот може да ги подобри условите на живеење преку доброволно здружување и учествување во корисни активности. Но, за да го направи тоа, треба да биде одговорен човек, кон себе и кон другите и да ги почитува правилата.



Во училиштето на Јетон, Рамиз, Санија, Марија, Тамара и Роберт веќе подолго време во училишната менза се дели нездрава храна. Со тоа се запознати и од граѓанското здружение „Активирај се“. Здружението реши да започне акција за воведување на здрави оброци во училиштата кои ќе содржат: овошје, зеленчук, житарки со млеко/јогурт и негазирани сокови без шеќер и додатоци. На тој начин сакаат да придонесат за подобрување на здравјето на учениците и стекнување на навики за користење на здрава храна.



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Што треба да содржи планот на здружението за спроведување на акцијата за здрава храна во училиштата?
- Кој ќе ја спроведува акцијата?
- Како ќе се води кампањата на акцијата?
- Како ќе се финансира акцијата?
- Кои ќе бидат придобивките по завршувањето на акцијата?

**АКТИВНОСТ**

Детектирајте проблем во училиштето во кое учиш. Поделете се во две групи. Секоја група нека симулира формирање на граѓанско здружение кое сака да го реши проблемот кој го детектиравте. Подгответе план за делување (обезбедување услови во училиштето, водење кампања, привлекување инвеститори). На крајот презентирајте го вашиот план и дискутирајте за придобивките од ваквото здружување.

**Проверувам колку научив**

1. Која е целта на граѓанските здруженија?

____________________________________________

____________________________________________

2. Секој граѓанин може да волонтира:

ДА НЕ

3. Со волонтирање се помага на:
   а) граѓаните
   б) општината
   в) луѓето на кои им е потребна помош
   г) сè од наведеното

## АКТИВНО УЧЕСТВО, СЛОБОДА НА ГОВОР, ПРАВО НА ИЗБОР, ЕДНАКВОСТ

Прочитај ги наведените ситуации и размисли. Како би постапил/а ти во наведените ситуации?

1) Сара и Дамјан учат во училиште каде што нема пристапна рампа. Тие се движат со колички. Исто така, на патот до училницата има многу препреки, скали и прагови. Нивната другарка Беса забележа дека Сара и Дамјан имаат потешкотии да влезат во училницата каде што учат.



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Кое право не им е овозможено на Сара и Дамјан?
- На кој начин Беса може да им помогне на Сара и Дамјан за проблемот да биде долгорочно решен?
- Кои се чекорите за преземање иницијатива и решавање на проблемот?

Секој граѓанин на Република Северна Македонија има право на активно учество во решавањето на проблеми кои се однесуваат на здравјето, безбедноста, образованието, здравата животна средина итн. Тоа значи дека и ти како ученик имаш право на активно учество во решавањето на проблемите поврзани со училиштето, животот и работата во него.

2) Бојан се плаши да му се пожали на директорот за неправедниот третман на наставникот/наставничката кој/а му стави единица само затоа што не ја скратил косата.



**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Кое право не му е овозможено на Бојан?
- Како би постапил/а ти на негово место?
- Што треба да преземе Бојан во овој случај?

Секој граѓанин на Република Северна Македонија има право на слобода на говор. Тоа значи дека и ти како ученик имаш право на слобода на говор.



3) Јована е одлична ученичка. Таа многу сака да фотографира. На училиште посака да се зачлени во фотосекцијата. Наставникот ѝ рече дека подобро ќе биде да се зачлени во математичката секција затоа што е одлична ученичка, а и училиштето не располага со професионален фотоапарат и потребни средства за фотографирање.

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Кое право ѝ е оневозможено на Јована?
- Како би постапил/а ти на местото на Јована?
- Што треба да преземе Јована во овој случај?

Секој граѓанин на Република Северна Македонија има право на слобода на избор. Тоа значи дека доколку со својот избор не наштетува никому, смее да си го оствари тоа право. Тоа значи дека и ти како ученик имаш право на слободен избор сѐ додека со твојот избор не наштетуваш некому или на нешто.

4) Илмије не ја примаат во хокејарскиот тим затоа што е женско, иако многу добро игра хокеј. Таа се пожали кај одделенскиот раководител, но тој ѝ рече дека екипата е машка и не може да ја вклучи.





**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

- Кое право ѝ е скратено на Илмије?
- Како би постапил/а ти на местото на Илмије?
- Што треба да преземе Илмије во овој случај?

Сите граѓани на Република Северна Македонија имаат еднакви права. Тоа значи дека и ти како ученик ги имаш истите права, како и другите ученици. Ти си еднаков/еднаква со другите ученици.

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ**

Во наведените ситуации се прикажани непочитување и загрозување на правата за слобода на говор, право на избор, право на еднаквост.

- Размисли што би презел ти како ученик/ученичка доколку се соочиш со вакви ситуации.
- Што треба да направиш за да се решат проблемите со кои се соочува твоето училиште?
- Како можат граѓаните да придонесат за решавање на ваквите проблеми?

**Заклучок**

Секогаш кога треба да донесеме некоја одлука, мора да размислуваме како ќе влијае таа одлука врз нас и врз нашата околина. Затоа, имаме и одговорност да носиме правилни одлуки кои нема да им наштетат на нашите другарчиња, туку напротив, ќе помогнат во развојот на одделението или училиштето.

